**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2012 ГОДИНА

Скопје, април 2013 година

# В О В Е Д

Обврската за изготвување на годишен извештај за работа на јавните обвинителства произлегува од одредбите на чл.23 и 24 од Законот за јавно обвинителство, така што секое јавно обвинителство изготвува извештај за својата работа, кој што го доставува до непосредно повисокото јавно обвинителство.

Согласно чл.23 ст.3 од Законот за јавно обвинителство, Јавното обвинителство на Република Македонија изготвува единствен годишен извештај за работата на сите јавни обвинителства, а според чл.24 од истиот закон Јавниот обвинител на Република Македонија, годишниот извештај за работа на јавните обвинителства и за состојбата со криминалитетот во Република Македонија го поднесува до Собранието на Република Македонија.

Извештајот, Јавниот обвинител на Република Македонија го доставува на разгледување на Советот на јавни обвинители, а за запознавање го доставува и до Владата на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија и Министерството за правда.

Функцијата и позицијата на Јавното обвинителство во правниот систем и определувањето на надлежностите и организацијата се заснова на одредбите од чл.106 од Уставот на Република Македонија, одредбите од Законот за јавно обвинителство, Законот за кривична постапка, како и други закони по кои постапува. Уставната положба на Јавното обвинителство е определена како единствен и самостоен државен орган што ги гони сторителите на кривичните дела и на други со закон утврдени казниви дела, а врши и други работи утврдени со закон.

Во функција на зајакнување на позицијата на јавниот обвинител, за ефикасно и поуспешно работење, а особено во борбата против организираниот криминал и корупција, претходните години беа извршени потребни институционални реформи согласно Законот за јавно обвинителство и Законот за Советот на јавните обвинители на Република Македонија.

Јавното обвинителство согласно законот е организирано според принципите на хиерархија и субординација и тоа како Јавно обвинителство на Република Македонија, Виши јавни обвинителства, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Основни јавни обвинителства.

Согласно чл.29 од Законот за Јавното обвинителство, јавно-обвинителската функција се извршува така што Основните јавни обвинителства постапуваат пред Основните судови, Вишите јавни обвинителства во Скопје, Битола, Штип и Гостивар постапуваат пред соодветните Апелациони судови и Јавното обвинителство на Република Македонија постапува пред Врховниот суд на Република Македонија.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е основано за целата територија на Република Македонија и е со седиште во Скопје. Ова Обвинителство постапува пред Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје.

Изминатата 2012 година, Јавното обвинителство како државен орган надлежен за гонење на сторители на кривични дела кои се гонат по службена должност, својата функција ја вршеше во време на многубројни активности поврзани со реформите на казнено - правниот систем, како приоритетна задача на државата за создавање на поефикасен казнен систем и за зајакнување на принципот на владеење на правото. Реализирајќи ги ваквите активности јавните обвинителства од сите нивоа, покрај предметната работа, беа вклучени во разни органи и тела при изготвување и разгледување, давање на предлози и мислења на повеќе закони од областа на казненото право, посебно кога станува збор за Законот за кривичната постапка, измените и дополнувањата на Кривичниот законик и др.

Во 2012 година беа превземени бројни активности во функција на зајакнување на самостојноста на јавните обвинители и остварувањето на нивната основна функција, гонење на сторители на кривични дела. Во ова насока, значаен осврт е ставен на превземање на активности во врска со новиот Закон за кривична постапка ( Службен весник бр. 150/2010), кој закон во текот на 2013 година треба да се применува, односно согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка објавен во Службен весник на РМ бр.100 од 06 Август 2012 година, во чл.2 од истите измени е предвидена примена на овој закон од 01 Декември 2013 година.

Јавното обвинителство на Република Македонија стави акцент на оние одредби од Законот кои значат квалитативна промена на позицијата на јавниот обвинител во кривичната постапка и решенијата на овој закон кои претставуваат новини во постапувањето на јавниот обвинител во сите инстанци на постапување, односно поставени се повеќе прашања околу кадровската, просторната и материјалната позиција на јавниот обвинител, а се со цел обезбедување на целосна примена на новите законски решенија.

Советот, во извештајниот период, распиша и објави огласи за избор на вкупно 44 јавни обвинители на сите нивоа во јавното обвинителство. Од овие огласи избрани се 39 јавни обвинители, од кои шест од редот на кандидатите со завршена обука во Академијата за судии и јавни обвинители.

Исто така, Советот во 2012 година, по спроведена целосна дисциплинска постапка заради сторена дисциплинска повреда и своја конечна одлука по поднесена жалба, разреши еден јавен обвинител. Советот, по поднесено лично барање за разрешување, разреши уште еден јавен обвинител.

Во текот на 2012 година, посебно внимание беше посветено на едукацијата и другите облици на стручно усовршување на јавните обвинители, преку нивно учество во разни органи и тела на Академијата за обука на судии и обвинители, и тоа како едукатори, ментори, членови на Програмскиот совет итн. Јавните обвинители од сите нивоа беа вклучени во процесот на континуирана едукација, учество на разни семинари, предавања, тркалезни маси, организирани првенствено од страна на Академијата за обука на судии и обвинители, Здружението за кривично право и криминологија, Здружението на јавни обвинители и други органи и здруженија.

Заради обезбедување на принципот на законитост во судските постапки по правосилни одлуки во кривичната постапка и на единствена примена на законот, во Законот за кривична постапка предвиден е институтот Барање за заштита на законитост, како вонредно правно средство кое е исклучиво во надлежност само на Јавниот обвинител на Република Македонија. Барањето за заштита на законитоста, Јавниот обвинител на

Република Македонија го поднесува до Врховниот суд на Република Македонија, и тоа по своја иницијатива или по иницијатива на пониските обвинители, на осудениот и на било која странка или лице. Овој институт се применува и во прекршочната и во управната постапка.

Јавното обвинителство на Република Македонија постапува и по други вонредни правни лекови, кои можат да ги поднесат странките, односно осудените, и тоа по поднесени барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда и барања за вонредно ублажување на казната, со давање на одговор односно предлог до Врховниот суд на Република Македонија.

Со примена на новиот закон за кривична постапка, кој треба да се примени од 01 декември 2013 година, во насока на вонредните правни лекови, предвидени се квалитативни промени и во поглед на вонредните правни лекови на начин што Вонредното ублажување на казната како посебен правен лек нема да се предвиди односно истата е избришана како таков вонреден правен лек, па во оваа насока во текот на 2012 година се одржани и едукации на јавните обвинители и судиите од кривичната област, со цел да законските одредби се применат согласно намерата на законодавецот односно да овој вонреден правен лек се претвори како основ за повторување на кривичната постапка, предвидена во чл.449 ст.1 т. 3 од Законот за кривична постапка.

Севкупната работа на Јавното обвинителство во извештајната година ќе биде прикажана сумарно и врз основа на писмените извештаи на Вишите јавни обвинителства во Скопје, Битола, Штип и Гостивар, а податоците за работата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција ќе бидат искажани како посебен дел во извештајот.

Јавно обвинителската функција се презентира со аналитичка оценка за сите видови постапувања поткрепени со статистички прегледи и показатели и со заклучни согледувања и предлог мерки за надминување на постојните состојби.

# *I.ФУНКЦИЈА НА КРИВИЧНОТО ГОНЕЊЕ*

## 1. Обем на работа на основните јавни обвинителства

Основните јавни обвинителства, во текот на 2012 година постапувале по новопримени кривични пријави против вкупно 43.216 сторители на кривични дела, од кои против 21.187 полнолетни, против 1.906 малолетни и против 20.123 непознати сторители на кривични дела.

Во однос на 2011 година, кога била евидентирана бројка од вупно 40.883 пријавени сторители на кривични дела, претставува зголемување во обем на работа за 2.383 лица или за 5.84%.

Зголемувањето во обемот на работа се должи на повеќе примени кривични пријави против полнолетни сторители и тоа за 279 лица и против непознати сторители на кривични дела за 2.293 лица, додека кај малолетните сторители е забележано значително намалување што може да се види од податоците во табелата:

| Сторители | 2010 | 2011 | 2012 | Бројка | Процент |
|---|---|---|---|---|---|
| **Полнолетни** | 19.714 | 20,908 | 21.187 | +279 | +1.33% |
| **Малолетници** | 2.350 | 2.095 | 1.903 | -189 | -9% |
| **Непознати** | 17.223 | 17.830 | 20.123 | +2.293 | +12,8% |
| **Вкупно:** | 39.287 | 40.833 | 43.216 | +2.383 | +12,8% |

# А. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД ПОЛНОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ

## 1. Обем на примени кривични пријави

Видно од презентираното, во текот на 2012 година поднесени се кривични пријави против вкупно 21.187 полнолетни сторители на кривични дела, што во однос на 2011 година кога имавме 20.908 претставува зголемување за 279 лица или 1.33 %.

Во текот на 2012 година јавните обвинителства постапувале и по нерешени кривични пријави од претходната година против 9.329 лице, така што во вкупен обем на работа имале кривични пријави вкупно против 30.516 полнолетни сторители на кривични дела, што во однос на обемот на работа во 2011 година кога како вкупен обем на работа имавме 28.989 полнолетни сторители ,сегашната бројка претставува зголемување за 1.527 лица или 5,26%

Податоците за обемот на работа во 2012 година по одделни виши јавни обвинителства со подрачните обвинителства и односот со обемот на работа во претходните години се искажани во следнава табела:

| Вишо јавно обвинителство со подрачните основни обвинителства | 2010 | 2011 | 2012 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 16.262 | 17.484 | 18.570 | +1086 | +6,2% |
| **Битола** | 4.218 | 4.181 | 4.388 | +207 | +4,95% |
| **Штип** | 3.455 | 3.687 | 3.946 | +259 | +7% |
| **Гостивар** | 3.108 | 3.637 | 3.612 | -25 | -0,68% |
| **Вкупно** | 27.043 | 28.989 | 30.516 | +1527 | +17,47% |

Од изнесените податоци во табелата произлегува дека зголемувањето во вкупен обем на работа од 1.527 лица, во однос на претходната година е резултат на зголемувањето во обемот на работа евидентирано во три виши јавни обвинителства, и тоа на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје за 1.086 лица или 6,2% на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип за 259 лица или 7% и на подрачјето на Вишото Јавно обвинителство во Битола за 207 лица или 4,95%, додека во Вишото јавно обвинителство Гостивар е намален обем на работа за 25 лица или -0,68%.

Споредбено со претходната година се воочува една промена во поглед на Вишите јавни обвинителства во Гостивар и Битола, на начин што во подрачјето на Вишото јавно обвинителство во Гостивар наместо во 2011 година кога имавме зголемен обем на работа за 17% сега имаме намалување на вкупниот обем на работа за незначителни 0,68%, додека пак спротивно на ова, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола, кога во 2011 имавме намален обем на работа од -0,8 %,сега имаме зголемен обем на работа за 4,95%, што значи приближно 5%. Во останатите виши јавни обвинителства промените се незначителни.

## 2. Подносители на кривични пријави

Од вкупно поднесени кривични пријави против 21.187 полнолетни сторители на кривични дела, во 2012 година најголемо учество со поднесени пријави против 13.303 лица или 62,7% зазема Министерството за внатрешни работи, потоа се оштетени граѓани со поднесени пријави против 2478 лица или 11,7%, а учеството на останатите субјекти е прикажано во табелата:

| ВЈО | Вкупно пријави по лица | Подносители | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | МВР | Граѓани | Оштетени правни лица | Други државни органи | Иницијатива на ЈО | Останати |
| **Скопје** | 11.268 | 7.235 | 1.036 | 2.066 | 643 | 179 | 109 |
| **Битола** | 3.795 | 2.389 | 629 | 207 | 239 | 151 | 178 |
| **Штип** | 3.535 | 2.145 | 418 | 510 | 245 | 133 | 94 |
| **Гостивар** | 2.591 | 1.534 | 395 | 304 | 110 | 188 | 60 |
| **Вкупно** | 21.187<br>100% | 13.303<br>62,7% | 2.478<br>11,7% | 3.077<br>14,5% | 1.237<br>5,8% | 651<br>3,1% | 441<br>2,1% |

Од изнесените податоци во табелата, особено е важно да истакнеме дека оштетените физички, правни лица и другите субјекти учествуваат со 37,2% од вкупно поднесените кривични пријави против полнолетни сторители, што не е занемарлив број и кој број процентуално искажан е зголемен за 1,86% во однос на 2011 година. Овој факт има влијание во видот на одлуките и во бројот на нерешени пријави.

## 3. Постапување по кривични пријави

### а) Обем и ажурност

Во 2012 година основните јавни обвинителства во работа имале кривични пријави против вкупно 30.516 лица, од овој број решени се пријави против 19.626 лица или 64,31% што во однос на решени пријави во 2011 година претставува намалување за 34 пријави односно изразено во процент во однос на 2011 година имаме намалување на решени пријави за 3,5%, односно во 2011 година имавме решени пријави во изразени проценти за 67,81%.

На крајот на 2012 година како нерешени кривични пријави останале против 10.890 лица или 35,68% што пак во однос на нерешени во претходната година е зголемување за 3,5%.




Од вкупниот број на нерешени кривични пријави против 10.890 лица, како нерешени во јавните обвинителства статистички се евидентирани пријави против 57 лица или 0,5% што подразбира благо намалување во однос на претходниот процент од 0,9%, потоа во МВР против 2.610 лица или 24% и во судот и други органи против 8.223 лица или 75,5%.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје вкупниот број на примени пријави изнесува 18.570 од кои од поранешен период се евидентирани 7.302 додека новопримени се евидентирани 11.268. Од нив како нерешени пријави евидентирани се против 8.911 лица или 60,7%. На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола вкупниот број на пријави изнесува 4.388, и тоа новопримени против 3.793 лица и од претходниот период против 595 лица. На ова подрачје имаме нерешени пријави против 734 лица или 16,7% . Состојбата на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип изнесува 3.946, од кои новопримени се 3.535 додека 411 се преостанати од претходната

година, при што нерешени останале против 370 лица или 9,4% и на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар вкупно бројот на пријави изнесува 3.602 од кои од поранешен период 1.021 додека новопримени се 2.591. Нерешени пријави останале против 818 лица или 22.7% од вкупниот број на примени пријави по лица.

Ааанализирајќи ги претходните наведени бројки, од вкупниот број 30.516 пријави по лица, може да се забележи дека најголем број на нерешени кривични пријави се евидентирани на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје. Ваквата состојба е резултат на фактот што во вкупен обем на работа ова обвинителство учествува со 18.570 пријавени лица или 60,9% што во споредба со поранешниот период изнесува благо зголемен број на нерешени пријави за 0,6%. Меѓутоа, причините за оваа состојба не се само поради обемот на работа, туку и поради сложеноста, структура на криминалитетот, квалитетот на пријавите, како и поради одредени објективните причини, неможноста на истражните судии да ги завршат постапките по сите поднесени предлози за преземање на определени истражни дејствија.

Во поглед на нерешените кривични пријави, и тоа не само на оние кои се евидентираат како такви во јавните обвинителства, туку и на оние што се евидентирани во Министерството за внатрешни работи и другите органи, нужно е да се истакне дека во најголем број случаи се работи за пријави поднесени од оштетени физички и правни лица и други субјекти, односно пријави поднесени без поткрепа на докази и со отсуство на доволно основи на сомненија за да се иницира постапка пред суд. Од друга страна, овој факт е со директно влијание за примена на институтот собирање потребни известувања, било непосредно од самите јавни обвинители, било преку МВР и други органи. Јавното обвинителство постојано инсистира проверките да се вршат непосредно од самите обвинители, но тоа не секогаш и не за сите кривични дела е можно.

Ваквите пропусти односно одлагања и одолговлекувања со што неминовно се зголемува бројот на нерешени пријави, се очекува во иднина да се надминат со примената на одредбите на новиот Закон за кривична постапка кој ќе се примени од 01 декември 2013 година, кога Јавниот обвинител ќе има поголеми надлежности во претходна постапка.

**б) Барања за собирања на потребни известувања**

Во 2012 година, основните јавни обвинителства институтот - Барање за собирање потребни известувања предвиден во чл.144 ст.2 и ст.3 од Законот за кривична постапка, најчесто го користеле со барања за собирање на потребни известувања, податоци или барања за превземање на други мерки за откривање на кривичното дело и сторителот од Министерството за внатрешни работи. Исто така, основните јавни обвинителства овој институт го користеле и за прибавување на податоци и известувања од други надлежни органи и институции, а во немал број случаеви и самите се ангажирале во прибирање на истите.

Во 2012 година од основните јавни обвинителства биле поднесени 5.230 барања за собирање потребни известувања, од тоа 1.796 до МВР, 1.518 до други државни органи и институции и во 1.796 случаи тие непосредно биле ангажирани во собирањето на податоците. Во однос на 2011 година се бележи зголемување за 93 барања за собирање потребни известувања.

Наша оценка е дека намалувањето се должи на примена на овластувањата дадени од чл.144 ст.4, 5 и 6 од ЗКП, во поглед на вршење на самостојни проверки и примена на чл.145 од ЗКП, во поглед на одложено кривично гонење.

### в) Предлози за преземање на определени истражни дејствија

Овој институт е предвиден во Законот за кривична постапка за полесни кривични дела односно во скратена постапка каде што е запретена највисока казна затвор до 3 години, согласно одредбите од чл.416 до 431 од ЗКП кој се применува во текот на овој извештаен период, кое нешто неминовно доведува до заинтересираност на јавниот обвинител за текот на истражните дејствија кои треба да се водат пред истражниот судија по предлог на јавниот обвинител и ажурност на јавниот обвинител поради кратките рокови на застареност кое нешто е врзано според запретената казна.

Основните јавни обвинителства институтот - Предлог за преземање на определени истражни дејствија предвиден во чл.418 од Законот за кривична постапка, во извештајниот период го користеле постапувајќи по кривични пријави против 6.160 лица што во однос на претходната година е повеќе за 1.041 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје овој институт најмногу е користен, и тоа против 4.476 лица, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола против 1.011 лица, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип против 263 лица и на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар против 410 лица.

Споредбените податоци за примена на овој институт во однос на претходната година покажуват тенденција на зголемување. Така да во текот на 2011 година, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје биле поднесени 3.550 барања, а во извештајниот период има зголемување против 926 лица. Потоа на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип во 2011 имало 226 барања, а во извештајниот период има зголемување за 37 лица, на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола во текот на 2011 година поднесени се барања против 802 лица, со што во извештајниот период имаме зголемување за 209 лица.

Единствено намалување е забележано на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар и тоа споредбено со 2011 година за 131 лице .

## 4. Одлуки по кривични пријави

### а) Број и структура

Основните јавни обвинителства, од вкупниот број на кривични пријави против 30.516 лица по кои постапувале во 2012 година, решиле кривични пријави против 19.626 лица или 64,31%. На крајот на годината како нерешени останале кривични пријави против 10.890 лица или 35,68%.

Структурата на одлуките кои се донесени од основните јавни обвинителства покажува дека:

1) Отфрлени се кривични пријави против 6.141 лица или 31,29%, кој процент во претходниот период бил 28,28% а сега е зголемен за 3,01%.

2) Поднесени се обвинителни предлози против 7.051 пријавени лица или 36%, кој процент во претходната година бил 33,79 односно сега имаме зголемување за 2,2%.

3) Поднесени се непосредни обвинителни акти против 526 лица или 2,68%, кое споредбено со процентот 3,43% од претходниот период значи намалување за незначителни 0,75%.

4) Против 5.383 лица или 27,41% поднесени се барања за спроведување на истрага, кое нешто процентуално значи намалување за 4,48% во однос на 31,88% од претходниот извештаен период.

5) Против 525 лица или 2,67% пријавите се решени на друг начин, кое нешто е идентично со претходниот извештаен период.




**б) Отфрлени кривични пријави**

Од вкупниот број на решени кривични пријави против 19.626 лица со решение за отфрлање на кривични пријави решени се против 6.141 лица или 31,29%.

Како и претходните години најчести основи за отфрлање на кривичните пријави се:
- пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност и
- не постојат основи на сомнение дека пријавениот го сторил кривичното дело.

Институтите од чл.145 и 146 од ЗКП во извештајната година, како и претходните, практично не беа доволно применети. Како за илустрација, овој институт на подрачјата на Вишо јавно обвинителство Битола, Вишо јавно обвинителство Гостивар и Вишо јавно обвинителство Штип, бил применет само во 148 предмети, односно вкупно во сите основни Обвинителства од овие подрачја биле донесени 148 решенија за отфрлање на кривична пријава по овој основ.

Повторно, примената на овие институти во најголем број е присутна на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје, со тоа што само кај Основното јавно обвинителство Скопје со отфрлени пријави против 465 лица, што во однос на 2011 година претставува намалување за 1.391 лица.

Основните јавни обвинителства на подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје имаат отфрлено кривични пријави против 3.269 лица што во однос на примените 11.268 пријави по лица подразбира процент од 29% кое нешто во однос на претходните 25,08% претставува зголемување за 3,92%.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола отфрлени се кривични пријави против 1.277 лица, што е 33,64% од вкупниот број на решени кривични пријави по лица, кое нешто споредбено со претходните 37,94% представува намалување за 4,3%. Ваквото намалување се должи на зголемениот број на вкупни пријави по лица од претходните 3.598 на сегашните 3.795 пријави по лица односно за 197 пријави.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Штип отфрлени се кривични пријави против 858 лица што од вкупниот број 3.535 пријави по лица подразбира 24,27%.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар отфрлени се кривични пријави против 737 лица или 28,4% што во однос на претходната 20,84% значи зголемување за 7,56% од вкупно решени кривични пријави.

Вкупниот број на примени и отфрлени кривични пријави на подрачјата на четирите виши јавни обвинителства е претставен во следнава табела:

| **Вишо јавно обвинителство Скопје** | **Отфрлени** | **Вкупно примени** | **Процент** |
|---|---|---|---|
| Скопје | 2.185 | 7.015 | 31,15% |
| Куманово | 388 | 1.969 | 19,71% |
| Велес | 287 | 923 | 31,09% |
| Кавадарци | 188 | 629 | 29,89% |
| Гевгелија | 131 | 468 | 27,99% |
| Крива Паланка | 90 | 264 | 34,09% |
| **Вишо јавно обвинителство Битола** | | | |
| Битола | 389 | 1.106 | 35,17% |
| Прилеп | 307 | 1.047 | 29,32% |
| Охрид | 286 | 1.068 | 26,78% |
| Струга | 244 | 475 | 51,37% |
| Ресен | 51 | 97 | 52,58% |
| **Вишо јавно обвинителство Штип** | | | |
| Штип | 269 | 753 | 35,72% |
| Струмица | 170 | 1.119 | 15,19% |
| Свети Николе | 33 | 180 | 18,33% |
| Радовиш | 65 | 266 | 24,44% |
| Кочани | 179 | 646 | 27,71% |
| Делчево | 90 | 191 | 47,12% |
| Берово | 52 | 180 | 28,89% |
| **Вишо јавно обвинителство Гостивар** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Тетово | 232 | 1.192 | 19,46% |
| Гостивар | 268 | 809 | 33,13% |
| Кичево | 185 | 471 | 39,28% |
| Дебар | 52 | 159 | 32,70% |

**в) Поднесени барања за спроведување истрага**

Основните јавни обвинителства во 2012 година до истражните судии поднеле барања за спроведување истрага против 5.383 лица или 27,42% од решените пријави, што во однос на поднесени барања за истрага во претходната година е помалку за 886 лица, односно во проценти изразени за 4,5% помалку.

Истражните судии во 2012 година постапувале и по нерешени истраги против 5.682 лица, така што вкупно во работа имале истраги против 11.065 лица, што во однос на 2011 година е помалку за 408 лица.

Од вкупниот број на истраги по кои е постапувано решени се истраги против 5.890 лица или 53,20% а на крајот на годината како нерешени останале против 5.175 лица или 47,80%.

**г) Учество во истрагата**

Основните јавни обвинителства учествувале во истрага при распит на обвинети лица и сведоци за 3.833 лица.

При увиди и вештачења јавните обвинители имале учество во 682 случаи.

**д) Примена на мерката притвор**

Мерката притвор во 2012 година е применета против 733 лица, што во однос на 657 лица во 2011 година е незначително зголемување од 76 лица. Од годишните извештаи на јавните обвинителства произлегува дека во најголем број случаи мерката притвор траела до 30 дена, а во помал број до 60, 90 или преку 90 дена. Времетраењето на притворот согласно одредбите на Законот за кривична постапка е врзано за висината на казната за поодделни кривични дела.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Скопје со подрачните основни обвинителства мерката притвор била определена против 419 лица кое нешто во споредба со 2011 година од 365 лица се зголемува за 54 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Битола оваа мерка била определена за 150 лица, која бројка во споредба со 127 лица од 2011 година е зголемена за 23 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар за извештајниот период определено е притвор против 86 лица, кое нешто во споредба со претходните 97 од 2011 година значи намалување за 11 лица.

На подрачјето на Вишото јавно обвинителство во Штип мерката притвор била определена за 78 лица, кое нешто во споредба со 68 лица од 2011 година значи зглемен број за 10 лица.

Како и во изминатите години, мерката притвор била најприменувана спрема сторителите на кривични дела против имотот, потоа за кривични дела против животот и телото и кривични дела против здравјето на луѓето.

**5) Одлуки по спроведена истрага**

Од вкупниот број на истраги против 11.065 лица, по кои постапувале истражните судии во 2012 година, решени се истраги против 5.890 лица или 53,20% а на крајот на годината останале нерешени истраги против 5.175 лица или 46,80%.

Во однос на претходната година кога од вкупниот број на истраги против 11.473 лица биле решени против 5.791 лице или 50,50% а останале нерешени истраги против 5.682 лица или за 49,50%, во извештајната година имаме зголемување на решените истраги за 2,7% или за 99 лица, како и намалување на нерешени истраги за 507 лица, односно изразени во проценти за 2,8%.

Податоците на одлуките по вид и број на решени истраги искажани се во следната табела:

| Вишо јавно обвинителство | Обвиненија | Изјави за откажување од гонење | Прекратени | Решени на друг начин |
|---|---|---|---|---|
| Скопје | 2.608 | 514 | 75 | 50 |
| Битола | 618 | 186 | / | 20 |
| Штип | 809 | 167 | 7 | 9 |
| Гостивар | 649 | 146 | 4 | 20 |
| **ВКУПНО:** | **4.684** | **1.013** | **86** | **99** |

**6) Обвиненија**

Во 2012 година јавните обвинителства поднеле обвиненија против вкупно 12.261 лица, што е за 594 лица повеќе во однос на претходнite 11.667 од 2011 година.

Од вкупниот број на поднесени обвиненија, против 7.051 лица поднесени се обвинителни предлози, против 526 лица поднесени се непосредни обвиненија и против 4.684 лица поднесени се обвинителни акти по спроведени истраги.

**а) Одлуки на судот по поднесените обвиненија**

Во 2012 година основните судови постапувале по поднесени обвиненија против вкупно 23.396 лица, од кои против 12.261 лица биле поднесени во текот на годината, а против 11.135 лица кои останале непресудени од претходните години.

Во 2012 година биле донесени пресуди против 12.632 лица, што во однос на 13.018 лица од 2011 година, е помалку за 386 лица или 3%.

**Според видот на пресудите, состојбата е следната:**

| Вид на пресуди | Број на лица | Процент |
|---|---|---|
| Осудителни пресуди | 10.794 | 85,40% |
| Ослободителни пресуди | 452 | 3,60% |
| Одбивателни пресуди | 712 | 5,60% |
| Запирање по предавање на обвинителниот акт на судот и по повлечено обвинение | 485 | 3,80% |
| Мерка за безбедност | 189 | 1,50% |




Од осудителните пресуди донесени против 10.794 лица, судовите изрекле условни осуди против 5.119 лица или 47,4% што во однос на претходните 11.256 претставува намалување за 462 лица или 2,6%, потоа изречени се парични казни против 2.753 лица или 25,5%, што е зголемување за незначителни 15 лица од претходните 2.738 лица или за 1,18%.

Затворски казни изречени се спрема 2.800 лица или 26% што во однос на претходниот период од 2011 година – 2.744 лица значи зголемување за 56 лица или за 1,62%, а судски опомени за 122 лица или изразени во проценти 1,13% што во однос на 2011 година е намален број за 16 лица или незначителен процент од 0,09%.



На крајот на 2012 година останале непресудени обвиненија против 11.093 лица што во однос на непресудени обвиненија во 2011 година е помалку за 42 лица.

## *Б. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД МАЛОЛЕТНИ СТОРИТЕЛИ*

### 1. Примени кривични пријави

Во 2012 година примени се кривични пријави спрема 1.906 малолетници што во вкупен обем на работа по кривични пријави против познати сторители на кривични дела од 21.187 лица претставува учество од 9%.

Во текот на годината јавните обвинителства постапувале и по нерешени кривични пријави против 33 малолетници од претходната година, така да во вкупен обем на работа имале кривични пријави спрема 1.939 малолетници.

Од вкупниот број на кривични пријави по кои е постапувано во 2012 година решени се пријави против 1.908 малолетник или 98,40% а на крајот на годината останале нерешени пријави спрема 31 малолетници или 1,60% Од вкупниот број на нерешени кривични пријави во јавното обвинителство се евидентирани само 7, а останатите се кај други органи.

Од вкупниот број на решени пријави поднесени против 1.908 малолетник, спрема 538 малолетника или 28,20% се отфрлени кривични пријави, спрема 1.256 малолетници или 65,8%, поднесени се барања за поведување на подготвителна постапка и на друг начин решени се спрема 105 малолетници или 5,50%.

Од 538 отфрлени пријави, 239 се деца или 44,40%, а 299 или 55,60% се отфрлени со примена на начелото на опортунитет и други основи.

### 2. Подготвителна постапка

Во 2012 година спрема 1.256 малолетници поднесени се барања за поведување на подготвителна постапка, што во однос на претходната година е повеќе за 39 малолетници.

Во текот на годината, судиите за малолетници постапувале и по нерешени подготвителни постапки против 399 малолетници од претходната година, така што вкупно во работа имало постапки спрема 1.655 малолетници.

Во 2012 година решени се подготвителни постапки спрема 1.124 малолетници кое нешто од вкупниот број земени на работа изнесува 68%, а на крајот на годината како нерешени останале спрема 531 малолетници или 32% .

По завршените подготвителни постапки од страна на јавните обвинителства поднесени се предлози за изрекување воспитни мерки спрема 900 малолетника кое нешто од вкупно завршените подготвителни постапки изнесува 80%, потоа предлози за казнување спрема 3 малолетника, односно 0,26%, спрема 170 малолетници или 15% поднесени се предлози за запирање на постапката, спрема 14 малолетници или 1,2%

постапката била решена на друг начин и спрема 31 малолетник, односно за 2,75% подготвителната постапка е прекратена.

**3. Предлози за примена на воспитни мерки и за казнување**

Во 2012 година од основните јавни обвинителства биле поднесени предлози за изрекување на воспитни мерки спрема 900 малолетника, а спрема 3 малолетници поднесени се предлози за казнување. Во однос на 2011 година кога биле поднесени предлози за изрекување на воспитна мерка спрема 1.142 малолетници и спрема 21 малолетник предлози за казнување имаме помалку поднесени предлози за казнувања спрема 18 малолетници и помалку поднесени предлози за изрекување воспитни мерки спрема 242 малолетници.

**4. Одлуки на судот и жалби на јавните обвинители**

Во 2012 година од страна на судиите за малолетници донесени се одлуки спрема 870 малолетници, од тоа спрема 549 малолетници изречени се воспитни мерки, спрема 46 заводски мерки, спрема 13 малолетнички затвор, спрема 2 малолетници изречена е парична казна, а спрема 336 постапката е запрена.

Против одлуките на судиите за малолетници вложени се вкупно 20 жалби, од кои јавните обвинители вложиле вкупно 5 жалби, од кои 3 се уважени, а 2 се одбиени, а малолетниците и нивните бранители вложиле вкупно 15 жалби, од кои 1 е уважена, а 14 се одбиени. Вредно е да се истакне дека основите за жалба на јавните обвинители пред се се од карактер на незадоволство на изречената санкција.

## *В. КРИВИЧНИ ДЕЛА ИЗВРШЕНИ ОД НЕПОЗНАТИ СТОРИТЕЛИ*

Во Јавните обвинителства во извештајната година примени се кривични пријави против 20.123 непознати сторители на кривични дела, што во однос на 17.830 во 2011 година претставува зголемување од 2.293 пријавени лица односно за 11,4%. Јавните обвинителства по новопримени кривични пријави ставиле 19.680 барања за собирање потребни известувања и откривање на сторители на кривични дела, додека за 89 новопримени кривични пријави ставиле предлози за преземање на одредени истражни дејствија.

Во 2012 година јавните обвинители вкупно во работа имале кривични пријави против 118.228 непознати лица, од кои 98.105 од претходните години по кои сторителите на кривични дела останале неоткриени. Од јавните обвинители по основ на застареност биле отфрлени кривични пријави против 8.789 непознати сторители на кривични дела.

Органите за внатрешни работи во извештајната година откриле сторители по вкупно 1.085 кривична пријава, од кои 488 по пријавите поднесени од претходните години, додека останатите 597 од извештајниот период. На крајот на годината останале неоткриени сторители по 108.170 кривични пријави.

## *Г. СТРУКТУРА НА КРИВИЧНИ ДЕЛА*

Во овој дел од Извештајот ќе бидат изнесени податоци за движењето на криминалот спрема структурата на кривичните дела. Посебно ќе биде дадено движењето на криминалот по пооделни глави од **Кривичниот законик** (Сл.весник на РМ бр.37/96), како и преглед на податоци за по карактеристични кривични дела во споредба со 2011 година.

Изнесените податоци за структурата на кривичните дела се однесуваат на бројот на кривични пријави по лица, поднесени обвиненија и донесени пресуди во извештајната година.

Во текот на 2012 година јавните обвинителства постапувале по кривични пријави против вкупно 30.516 полнолетни сторители на кривични дела, од кои новопримени се пријави против 21.187 лица, а против 9.329 лица што останале нерешени од претходната година. Тие во 2012 година имат поднесено обвиненија против вкупно 12.261 лица и тоа против 4.684 лица обвинителен акт по спроведена истрага, против 526 лица непосредни обвиненија и против 7.051 лица обвинителни предлози.

Карактеристично е тоа што во однос на претходната 2011 година кога бројот на осудителни пресуди изнесуваше 11.118 во извештајниот период оваа бројка изнесува 10.794 осудени лица што подразбира намалување за 324 лица.

Податоците за кривичните пријави, поднесени обвиненија и донесени пресуди во последните три години се искажани во следниот преглед:

| **Видови одлуки** | **2010** | **2011** | **2012** | **разлика** |
|---|---|---|---|---|
| Пријавени лица | 19.714 | 20.908 | 21.187 | +279 |
| Незавршени кривични пријави | 7.329 | 8.081 | 9.329 | +1.248 |
| **Вкупно кривични пријави** | **27.043** | **28.989** | **30.516** | **+1.527** |
| Поднесени обвиненија по истрага | 4.938 | 4.348 | 4.684 | +336 |
| Непосредни обвиненија | 453 | 676 | 526 | -150 |
| Обвинителни предлози | 7.317 | 6.643 | 7.051 | +408 |
| **Вкупно обвиненија** | **12.708** | **11.667** | **12.261** | **+594** |
| Осудителни пресуди | 10.763 | 11.118 | 10.672 | -446 |
| Ослободителни пресуди | 426 | 385 | 452 | +67 |
| Одбивателни пресуди | 612 | 811 | 712 | -99 |
| Судски опомени | 129 | 138 | 122 | -16 |
| **Вкупно пресуди** | **11.930** | **12.452** | **11.958** | **-494** |

| | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|
| - Запрени по предавање на обвинителен акт на судот | 195+22 | 290+96 | 315 |
| - Запирање на постапката по повлечено обвинение | 175+76 | 95-80 | 170 |
| - Мерки за безбедност | | 181 | 189 |

Состојбата на структурата на криминалитетот според кривичните дела систематизирани према посебните глави на Кривичниот законик на Република Македонија е следната:

**Глава XIV од КЗ - Кривични дела против животот и телото**

Во текот на 2012 година за кривичните дела од оваа глава примени се кривични пријави против 1.384 лица, кои заедно со кривичните пријави од поранешниот период против 365 лица, дава збир на постапување на јавните обвинителства по поднесени кривични пријави против 1.749 лица. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 944 лица. Судовите во 2012 година донеле првостепени пресуди спрема 903 лица.

Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 1.345 лица и незавршени против 340 лица или вкупно против 1.685 лица имаме зголемување за 64 пријавено лице, а зголемувањето е евидентирано и по однос на поднесени обвиненија против 52 лица, додека за 63 лица повеќе донесени се првостепени пресуди.

**Глава XV од КЗ - Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 712 лица, од кои новопријавени се 561 лица, а против 151 лица што останале нерешени во претходната година. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 280 лица, а судовите во 2012 година донеле првостепени пресуди према 281 лица. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 642 лице од кои новопријавени се 492 лица, а против 150 лица што биле нерешени во претходната година имаме намалување во обемот на пријавени лица за 69, намалување на поднесени обвиненија за 7 лица и намалување на донесени пресуди за 88 лица.

**Глава XVI од КЗ - Кривични дела против избориte и гласањето**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела е постапувано по вкупно кривични пријави против 38 лице, од кои само против 10 лица што биле примени во текот на годината, а против 28 лица што пријавите останале нерешени од претходната година. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле обвиненија против 4 лица, а за 14 лица судовите донеле пресуди. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 51 лица, од кои против 11 лица се новопријавени, а 40 лица што останале нерешени од претходната година имаме намалување за 1 пријавено лице. Исто така, е евидентирано и зголемување на поднесени обвиненија против 1 лице и помалку донесени пресуди за 14 лица.

**Глава XVII од КЗ - Кривични дела против работните односи**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 97 лица што заедно со нерешени кривични пријави од поранешен период против 54 лица, претставува вкупна бројка од 151 лица по кои е постапувано. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 23 лица, а од страна на судовите биле донесени првостепени пресуди против 23 лица. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 159 лица, од кои против 89 лица новопријавени и против 70 лица што останале нерешени, а биле поднесени обвиненија против 29 лица и од судовите пресудени се 47 лица се бележи намалување по однос на пријавени за 8 лице, намалување обвиненија за 6 лица и пресудени за 24 лица.

**Глава XVIII од КЗ - Кривични дела против честа и угледот**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 7 лица. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 1 лице, а од судовите не биле донесени пресуди. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 10 лица и незавршени против 4 лица или вкупно против 14 лица имаме намалување за 3 лица, по однос на поднесени обвиненија намалување за 2 лица.

Со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик објавен во Службен весник на РМ бр.142/12 од 13.11.2012 година, е извршена декриминализација на поголем дел од кривичните дела предвидени во оваа Глава.

**Глава XIX од КЗ - Кривични дела против половата слобода и половиот морал**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 107 лица и заедно со кривични пријави од поранешен период против 12 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 129 лица. Јавните обвинителства поднеле вкупно обвиненија против 96 лица, а од судовите биле донесени пресуди против 91 лице. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 138 лица и незавршени против 21

лице или вкупно против 159 лица, биле поднесени обвиненија против 73 лица и пресудени се 94 лица, се бележи намалување за 31 пријавено лице, зголемување на поднесени обвиненија за 23 лица и помалку пресудени за 3 лица.

**Глава XX од КЗ Кривични дела против бракот, семејството и младината**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 590 лица и заедно со кривични пријави од поранешен период против 121 лице, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 711 лица. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 402 лица, а од страна на судовите во 2012 година донеле првостепени пресуди према 425 лица. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 571 лице и незавршени против 111 лица или вкупно против 682 лица, имаме намалување за 19 лица, зголемување на поднесени обвиненија против 5 лица и зголемување на донесени пресуди за 28 лица.

**Глава XXI од КЗ - Кривични дела против здравјето на луѓето**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 725 лица и заедно со кривични пријави од поранешен период против 93 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 818 лица. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 496 лица, а од судовите пресудени се 539 лица. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 705 лица и незавршени против 99 лица или вкупно против 804 лица имаме зголемување за 20 лица, како и поднесени обвиненија против 554 лица, со што имаме намалување за 28 лица, а судовите донеле пресуди према 633 лица или помалку за 94 лица.

**Глава XXII од КЗ - Кривични дела против животната средина и природата**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 279 лица и заедно со кривични пријави од поранешен период против 155 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 434 лица. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 164 лица, а од страна на судовите донесени се првостепени пресуди према 184 лица. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 309 лица и незавршени против 114 лица или вкупно против 423 лица имаме намалување за 30 лица, како и поднесени обвиненија против 168 лица имаме намалување за 4 лица, а судовите донеле пресуди према 178 лица или повеќе за 6 лица.

**Глава XXIII од КЗ - Кривични дела против имотот**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 9.392 лица и заедно со кривични пријави од поранешен период против 3.462 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против вкупно 12.854 лица. Јавните обвинителства во 2012 година за овие кривични дела поднеле

обвиненија против 5.402 лица, а страна на судовите донесени се пресуди против 5.220 лица. Во споредба со претходната 2011 година се бележи зголемување за 850 пријавени лица, зголемување на поднесени обвиненија против 700 лица и донесени се повеќе пресуди за 443 лица.

**Глава XXIV од КЗ - Кривични дела против културното наследство и природните реткости**

Во текот на 2012 година, за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 18 лица и заедно со кривичните предмети од порано против 3 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 21 лица.

Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 5 лица, а од судовите донесени се пресуди против 8 лица. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против 11 лица биле поднесени обвиненија против 2 лица, а пресудени биле 6 лица, се забележува дека бројот на пријавени лица е зголемен за 3 лица, зголемување за 3 обвинети и зголемување за 3 пресудени лица.

**Глава XXV од КЗ - Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството**

Во текот на 2012 година, за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 649 лица и заедно со кривичните пријави од поранешен период против 210 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 859 лице. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 465 лица, а од судовите биле донесени пресуди против 399 лица. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела биле примени кривични пријави против 772 лица и заедно со незавршени против 317 лица или вкупно против 1.089 лице, биле обвинети 419 лица, а пресудени 437 лица, имаме намалување за 123 пријавени лица, зголемување за 46 обвиненија и донесени помалку пресуди за 38 лица.

**Глава XXVI од КЗ - Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот**

Во текот на 2012 година, за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 305 лица и заедно со кривичните пријави од поранешен период против 124 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 429 лица. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 208 лица, а од страна на судовите биле донесени првостепени пресуди према 194 лица. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 527 лица, од кои обвинети се 181 лица, а од страна на судовите пресудени 210 лица, се бележи намалување на број на кривични пријави за 126 лица, зголемување на поднесени обвиненија за 27 лица и намалување на пресудени за 16 лица.

**Глава XXVII од КЗ - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 3.201 лица и заедно со кривичните пријави од поранешниот период против 2.874 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 6.075 лица. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 2.025 лица, а од страна на судовите за овие кривични дела пресудени се 2.009 лица. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 6.051 лица, а биле обвинети 2.026 лица и донесени пресуди против 2.333 лица се бележи намалување на пријавени за 342 лица, намалување на донесени пресуди за 324 лица и помалку обвинети за 1 лице.

**Глава XXVIII од КЗ - Кривични дела против државата**

Во 2012 година за кривичните дела од оваа глава има 5 новопријавени лица, а е постапувано по пријава против 2 лица од претходни години, така што во извештајниот период е постапувано против вкупно 7 лица. Оваа година има поднесено обвинение за 5 лица. Во текот 2011 година за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против 12 лице, што во однос на претходните години бележи намалување на пријавени за 7 лица. Во текот на годината има донесено пресуди за 3 лица.

**Глава XXIX од КЗ - Кривични дела против вооружените сили**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 4 лица, додека против 7 пријавени лица се евидентираат од поранешен период, така да јавното обвинителство постапувало по кривични пријави против вкупно 11 лица. Јавните обвинителства во 2012 година поднело обвинение против 1 лице, а против 1 лице обвинителен предлог. Од судовите биле донесени пресуди против 2 лица. Во споредба со претходната година кога за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против 21 лице, било обвинето 1 лице и пресудени 5 лица, имаме намалување за 17 пријавени лица, зголемување на поднесени обвиненија за 2 лице и намалување на пресудени за 4 лица.

**Глава XXX од КЗ - Кривични дела против службената должност**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 1.465 лице и заедно со нерешени пријави против 822 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против вкупно 2.285 лица. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 297 лица, а од страна на судовите донесени се првостепени пресуди против 280 лица. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 2.274 лица, биле поднесени обвиненија против 267 лица и од првостепените судови пресудени 272 лица, се бележи зголемување на пријавени лица за 57, а зголемување за поднесени обвиненија за 30 лица, а и од судовите повеќе биле донесени пресуди за 8 лица.

**Глава XXXI од КЗ - Кривични дела против правосудството**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 502 лице и заедно со кривичните пријави од поранешниот период против 206 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 708 лица. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 195 лица, а од судовите биле донесени првостепени пресуди против 199 лица. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 718 лица, биле поднесени обвиненија против 207 лица и пресудени 195 лица се забележува зголемување на број на пријавени лица за 33, но и намалување на обвинети за 12 лица и повеќе пресудени за 4 лица.

**Глава XXXII од КЗ - Кривични дела против правниот сообраќај**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 668 лица, кои заедно со кривичните пријави од изминатиот период против 375 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 1.043 лица. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 352 лица, а од страна на судовите за овие кривични дела биле донесени пресуди против 492 лица. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 1.234 лица, биле обвинети 594 лица и пресудени 733 лица, имаме намалување за 171 пријавено лице, за 242 обвинети лица и за 241 пресудено лице.

**Глава XXXIII од КЗ - Кривични дела против јавниот ред**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 1.141 лица и заедно со кривичните пријави од поранешен период против 258 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 1.399 лица. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 845 лица, а од страна на судовите биле донесени пресуди против 834 лица. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 1.345 лица, биле обвинети 839 лица и од судовите пресудени 983 лица, имаме намалување за 11 пријавени лица, обвинети за 6 лица и пресудени за 149 лица.

**Глава XXXIV од КЗ - Кривични дела против човечноста и меѓународното право**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примена е една кривична пријава против 1 лице, а не е поднесено обвинение. Во 2011 година за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави поднесени против 3 лица, поднесено е обвинение против 1 лице, а од страна на судот не била донесена пресуда. Во споредба со претходната година има намалување за 2 лица по поднесени кривични пријави, а од страна на првостепените судови донесена е пресуда против 2 лица, за обвинение од поранешниот период.

**Кривични дела по посебни закони**

Во текот на 2012 година за овие кривични дела примени се вкупно кривични пријави против 76 лица и заедно со кривичните пријави од поранешниот период против 9 лица, во извештајниот период било постапувано по кривични пријави против 85 лица. Јавните обвинителства во 2012 година поднеле вкупно обвиненија против 22 лица, а судовите донеле пресуди против 46 лица. Во споредба со претходната 2011 година кога за овие кривични дела е постапувано по кривични пријави против вкупно 43 лица, биле поднесени обвиненија против 20 лица и од страна на судовите донесени пресуди против 79 лица, имаме зголемување за 42 пријавени лица, за 2 обвинети лица, но помалку за 33 пресудени лица.

**За движењето на криминалот по поедини карактеристични кривични дела кои се појавуваат во поголем обем во структурата на кривичните дела во 2012 година, во споредба со 2011 година, го даваме следниот преглед:**

| **КРИВИЧНО ДЕЛО** | **пријавени лица** | | **обвиненија** | | **пресуди** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2012** | **2011** | **2012** | **2011** | **2012** | **2011** |
| **Глава XIV од КЗ - Кривични дела против животот и телото** | | | | | | |
| - Убиство чл.123 ст.1 | 45 | 26 | 37 | 23 | 34 | 29 |
| - Убиство чл.123 ст.2 | 15 | 30 | 21 | 25 | 24 | 28 |
| - Убиство во обид | 37 | 29 | 20 | 32 | 14 | 35 |
| - Тешка телесна повреда чл.131 | 357 | 397 | 240 | 280 | 275 | 301 |
| **Глава XV од КЗ- Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | | | | | | |
| -Противправно лишување од слобода чл.140 | 70 | 60 | 35 | 32 | 25 | 58 |
| -Грабнување чл.141 | 42 | 27 | 14 | 15 | 25 | 28 |
| **Глава XIX од КЗ - Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | | | | | | |
| -Силување чл.186 | 45 | 46 | 33 | 22 | 34 | 28 |
| -Полов напад врз дете чл.188 | 28 | 51 | 27 | 31 | 27 | 42 |
| **Глава XX од КЗ - Кривични дела против бракот семејството и младината** | | | | | | |
| -Неплаќање издршка чл.202 | 348 | 313 | 289 | 275 | 298 | 287 |
| **Глава XXI од КЗ - Кривични дела против здравјето на луѓето** | | | | | | |
| -Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични | 539 | 515 | 403 | 295 | 454 | 533 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| дроги, психотропни супстанции и прекурсори - чл.215 | | | | | | |
| **Глава XXIII од КЗ- Кривични дела против имотот** | | | | | | |
| -Кражба чл.235 став 1 | 4321 | 2889 | 2072 | 1372 | 1814 | 1369 |
| -Тешка кражба чл.236 | 2402 | 3042 | 2193 | 2149 | 2322 | 2245 |
| -Разбојништво чл.237 | 196 | 210 | 140 | 179 | 183 | 178 |
| -Затајување чл.239 | 206 | 175 | 99 | 232 | 78 | 75 |
| -Измама чл.247 | 1267 | 1114 | 405 | 387 | 322 | 400 |
| **Глава XXV од КЗ - Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанство** | | | | | | |
| - Фалсификување пари чл.268 | 75 | 56 | 45 | 84 | 67 | 88 |
| - Криумчарење чл.278 | 111 | 90 | 80 | 59 | 86 | 101 |
| - Даночно затајување чл.279 | 276 | 432 | 220 | 181 | 156 | 137 |
| **Глава XXVII од КЗ - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | | | | | | |
| - Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот чл.300 | 578 | 670 | 409 | 436 | 457 | 644 |
| **Глава XXIX од КЗ - Кривични дела против вооружените сили** | | | | | | |
| - Самоволно оддалечување и бегство од вооружените сили чл.344 | 1 | 1 | 1 | 1 | / | 2 |
| **Глава XXX од КЗ - Кривични дела против службената должност** | | | | | | |
| - Злоупотреба на службената положба и овластување чл.353 | 1267 | 1287 | 257 | 205 | 232 | 211 |
| - Примање поткуп чл.357 | 19 | 18 | 7 | 14 | 15 | 18 |
| -Фалсификување службена исправа чл.361 | 57 | 35 | 9 | 11 | 6 | 6 |
| **Глава XXXI од КЗ - Кривични дела против правосудството** | | | | | | |
| - Неизвршување на судска одлука чл.377 | 55 | 78 | 23 | 30 | 36 | 24 |
| **Глава XXXII од КЗ - Кривични дела против правниот сообраќај** | | | | | | |
| -Фалсификување исправа чл.378 | 584 | 761 | 315 | 553 | 461 | 677 |
| **Глава XXXIII од КЗ - Кривични дела против јавниот ред** | | | | | | |
| -Спречување службено лице во вршење службено дејствие чл.382 | 176 | 155 | 114 | 134 | 144 | 151 |
| - Насилство чл.386 | 396 | 449 | 301 | 269 | 242 | 332 |
| -Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи чл.396 | 198 | 202 | 155 | 193 | 200 | 213 |

## *Д. ПРАВНИ ЛЕКОВИ*

### 1. Редовен правен лек - Жалба

**а)** Вишите јавни обвинителства во 2012 година постапувале по жалбите на првостепените пресуди против вкупно 5.937 лица.

Од вкупниот број на поднесени жалби по кои е постапувано, од основните јавни обвинителства поднесени се жалби против 1.782 лица, од обвинетите жалби против 4.077 лице, а 78 жалби биле изјавени од оштетени лица.

Постапувајќи по поднесените жалби вишите јавни обвинителства ставиле предлози против 1.915 лица жалбите да се уважат, против 3.508 жалбите да се одбијат и против 89 лица жалбите делумно да се уважат. Истовремено одлучиле против 248 лица жалбите да бидат отфрлени како ненавремени или недозволени, а во 130 случаи не биле овластени да се изјаснат по жалбите.

Јавните обвинители учествувале на 1.268 јавни седници и на 2.802 нејавни седници, а истовремено учествувале и нема одржани главни претреси пред второстепените судови.

Апелационите судови одлучувајќи по жалбите во 4.257 случаи го уважиле предлогот на јавните обвинители, а во 581 случаи донеле одлука поинаква од предлогот.

**б)** Постапувањето по поднесени жалби поединечно по виши јавни обвинителства е прикажан во следниов наративен и табеларен приказ:

**- Вишо јавно обвинителство Скопје**

Во текот на 2012 година Вишото јавно обвинителство Скопје постапувало по 3.004 жалби, изјавени против одлуките на првостепените судови. Од вкупниот број жалби по лица, 685 се изјавени од основните јавни обвинителства, 2.288 од обвинетите и 31 жалба изјавена од оштетените.

| **Изјавени жалби** | | | |
|---|---|---|---|
| **Јавен обвинител** | **Обвинет** | **Оштетен** | **Вкупно** |
| 685 | 2.288 | 31 | 3.004 |

Во текот на 2012 година во смисла на чл.361 ст.2 од ЗКП, биле поднесени 2.375 акти, а во смисла на чл.431 ст.2 од ЗКП, 625 предлози.

| **Предлози на јавен обвинител по изјавените жалби** | |
|---|---|
| **По обвинителен акт** | **По обвинителен предлог** |
| 2.375 | 625 |

Од вкупно ставени предлози против 3.004 лица, јавните обвинители одлучиле жалбите против 828 лица да се уважат, против 45 делумно да се уважат и во 1.942 случаи жалбите да се одбијат. Во 88 случаи се дадени предлози жалбите да се отфрлат како ненавремени или недозволени, а во 74 случаи не дале свој преглед по повод поднесени жалби, бидејќи таквите биле поднесени по основ на трошоците на постапката или пак од страна на обвинетите за кривични дела за кои гонењето се презема по приватна тужба.

| **Број и структура на дадените предлози** | | | |
|---|---|---|---|
| **Да се уважи** | **Делумно да се уважи** | **Да се одбие** | **Да се отфрли** |
| 828 | 45 | 1.942 | 88 |

Во текот на 2012 година вишите јавни обвинители во 6 случаи се откажале од изјавените жалби на основните јавни обвинители, што во споредба со 2011 година кога се откажале во 57 случаи е намалување за 51. Бројот на жалбите од кои се откажал јавниот обвинител спореден со вкупниот број на поднесени жалби од страна на основни јавни обвинителства е незначителен што зборува во прилог дека основни јавни обвинителства во најголем број случаи поднеле основани жалби.

За причините поради кои вишиот јавен обвинител се откажал од жалбите поднесени од страна на основните јавни обвинителства, истите со службена белешка се известувани.

Во текот на 2012 година вишиот јавен обвинител учествувал на 798 јавни седници и на 1.058 нејавни седници одржани пред Апелациониот суд. Јавните обвинители само во 1 случај го промениле поднесениот писмен предлог до второстепениот суд.

Одлуките на апелациониот суд во 1.955 случаи се совпаѓаат со предлогот на јавниот обвинител.

Во изнесените бројки не влегува број на жалби што административно се вратени, ниту пак број на одлуки на второстепениот суд со кои одлучил поинаку од предлогот на јавниот обвинител.

Во извештајната година од страна на ВЈО Скопје нема иницирано барања за заштита на законитост.

**- Вишо јавно обвинителство Битола**

Во текот на 2012 година во Вишото јавно обвинителство Битола биле примени жалби на првостепените пресуди против вкупно 1.131 лица.

Од вкупниот број најголем број се жалбите изјавени од обвинетите и тоа 682 или 60,3 %, потоа од основните јавни обвинтиели 432 или 38% и 17 од оштетените 1,5%.

| **Изјавени жалби** | | | |
|---|---|---|---|
| **Јавен обвинител** | **обвинети** | **оштетени** | **Вкупно** |
| 432 | 682 | 17 | 1.131 |

Во однос на претходната 2011 година кога обвинителите вложиле 273 жалби, обвинетите вложиле 641 жалба а оштетените 12 жалби, се забележува дека имаме зголемување на поднесени жалби од јавните обвинители за 159, од обвинетите за 41, а од оштетените за 5.

Вишото јавно обвинителство Битола се откажале од 11 жалби што во однос на претходната година имаме зголемување за 9 жалби, а причините се наведени во служената белешка.

Од вкупно изјавените жалби за 1.136 лица јавниот обвинител одлучил 593 или 52,4% да се одбијат како неосновани, да се уважат 433 или 38,2%, делумно да се уважат 10 или 0,9 %, да се отфрлат како недозволени и неблаговремени 20 или 1,76%, а 11 жалби или 0,9% на основните јавни обвинители биле повлечени.

Во текот на 2012 година јавниот обвинител зел учество на 80 јавни и на 658 нејавни седници или вкупно 738 седница.

По поднесените жалби Апелациониот суд Битола донел 1.065 одлуки од кои 816 како во предлогот на Вишо јавно обвинителство Битола и 249 поинаку од неговиот предлог.

Во текот на 2012 година од страна на Вишо јавно обвинителство Битола биле поднесени 13 иницијативи за подигање Барање за заштита на законитоста, од кои од Јавниот обвинител на Република Македонија прифатени се 5, а 7 иницијативи се одбиени.

**- Вишо јавно обвинителство Штип**

Во 2012 Вишото јавно обвинителство Штип постапувало по 970 изјавени жалби.

Најголем број на жалби биле изјавени од страна на обвинетите 623 или 64,2%, потоа од основните обвинители против 335 лица или 34,5%, а од оштетените за 12 лица или 1,23%.

| Изјавени жалби | | | |
|---|---|---|---|
| **Јавен обвинител** | **обвинети** | **оштетени** | **Вкупно** |
| 335 | 623 | 12 | 970 |

Од вкупно 970 жалби поднесени против првостепените одлуки, против 329 лица се по обвинителни предлози, а по обвинителни акти против 641 лица. Јавниот обвинител ставил предлог за 312 лица жалбата да се уважи, за 578 лица жалбата да се одбие, за 27 лица жалбата делумно да се уважи, за 18 лица жалбата да се отфрли како ненавремена или недозволена.

По жалбите против 18 лица Вишо јавно обвинителство не дало предлози, затоа што се работело за погрешно доставени предмети, за кои во конкретните случаи кривичното гонење било од страна на приватните тужители.

Одлуките на Апелациониот суд во Штип биле идентични со предлозите на Вишото обвинителство во 796 случаи од решените, а во 165 одлуките биле различни од неговиот предлог.

Јавните обвинители учествувале во 127 јавни и 492 нејавни седници пред Советите на Апелациониот суд Штип.

**- Вишо јавно обвинителство Гостивар**

Вишото јавно обвинителство во Гостивар во текот на 2012 година, постапувало по изјавени жалби против првостепените пресуди против вкупно 832 лица.

Најголем број на жалби биле изјавени од страна на обвинетите и тоа 484 или 58%, потоа од основните обвинители против 330 лица или 39,6%, а најмалку од оштетените 18 или 2,2%.

| Изјавени жалби | | | |
|---|---|---|---|
| **Јавен обвинител** | **обвинети** | **оштетени** | **Вкупно** |
| 330 | 484 | 18 | 832 |

Од вкупно изјавени жалби на првостепени пресуди против 832 лица страна на Вишото јавно обвинителство во смисла на чл.361 ст.2 од ЗКП се ставени 613 акти, а во смисла на чл.431 ст.2 од ЗКП - 219 предлози, а структура на одлуките е следната: против 342 лица е ставен предлог жалбите да се уважат, против 7 лица делумно да се уважат и против 395 лица жалбите да се одбијат. Во 18 случаи вишиот јавен обвинител не дал предлог, бидејќи не бил овластен според законот. Се работело за жалби по основ на трошоци и жалби на обвинети за кривични дела за кое гонењето се презема по приватна тужба.

| Предлози на јавни обвинители по изјавени жалби | |
|---|---|
| **По обвинителен акт** | **По обвинителен предлог** |
| 613 | 219 |

Во извештајниот период, од страна на вишиот јавен обвинител не е повлечена ниту една изјавена жалба поднесена од основните јавни обвинители.

Во 2012 година вишиот јавен обвинител учествувал на 263 јавни и 594 нејавни седници пред Советот на Апелациониот суд во Гостивар.

Одлуките на Советот на Апелациониот суд во Гостивар се идентични со предлозите на Вишото јавно обвинителство во 690 случаи од решените, а во 167 одлуките на судот се различни од дадениот предлог на јавниот обвинител.

Во текот на 2012 година Вишото јавно обвинителство Гостивар, нема поднесено иницијатива за подигање барање за заштита на законитоста.

## 2. Вонредни правни лекови

### а) Во кривична постапка

Јавното обвинителство на Република Македонија, во текот на 2012 година, примило 401 иницијативи за подигање барање за заштита на законитост, од кој број 35 иницијативи се поднесени од јавните обвинителства, додека 78 иницијативи се однесуваат на пресуди од прекршочната постапка.

Од претходната година нерешени останале 36 иницијативи, така да вкупниот збир на иницијативи во извештајниот период изнесува 437.

Како нерешени од претходната година по структура од вкупо 36 иницијативи само една се однесува на судска пресуда од прекршочната постапка, додека останатите 35 се однесуваат на судски пресуди по кривични дела.

До крајот на извештајниот период 12 иницијативи останале нерешени.

Од вкупниотзаостанат број на 35 поднесени иницијативи од судски пресуди во кривична постапка од претходната година, 7 иницијативи се прифатени додека 28 иницијативи се одбиени.

Од вкупниот број 401 иницијативи, примени во 2012 година, 323 иницијативи биле за подигање на барање за заштита на законитост против судски пресуди за кривични дела. Од нив 279 се одбиени, 32 иницијативи се прифатени, а на крајот на годината останале нерешени 12 иницијативи. Од вкупно 39 поднесени барања против судски пресуди во кривична постапка 30 од нив се уважени, 4 одбиени, додека за 5 барања не е донесена одлука од Врховниот суд на Република Македонија.

Во поглед на барањата против судски пресуди во прекршочна постапка од вкупно 78 поднесени иницијативи, 10 се прифатени, со што се поднесени барања за заштита на законитоста. Од вложените барања од страна на судот 4 се уважени, 4 одбиени и за две барања сеуште не е донесена одлука.

Од 60 поднесени барања за заштита на законитоста, Врховниот суд на Република Македонија уважил 35, одбил 12 барања, а на крајот на годината во судот останале нерешени 13 барања.

Во 2012 година, Јавното обвинителство на Република Македонија пред Врховниот суд во жалбена постапка учествувал во 22 случаи по пресуди на второстепениот суд, од кои во извештајниот период за 4 од нив Врховниот суд нема донесено одлука.

Јавното обвинителство на Република Македонија во извештајната година постапувало и по 317 предмети по Барање за вонредно преиспитување на правосилна судска пресуда, од кои 289 барања биле поднесени против кривичните пресуди донесени од сите основни судови низ Република Македонија, а 28 барања биле поднесени против кривични пресуди донесени од Одделението за борба против организираниот криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје. По сите предмети, јавниот обвинител се има произнесено со образложени одговори доставени до Врховниот суд на Република Македонија.

Врховниот суд на Република Македонија од извештајниот период за 8 барања од постапката на организираниот криминал и корупција и за 14 барања поднесени против правосилни пресуди не се произнел.

Во извештајната година Јавното обвинителство на Република Македонија постапувало и по 257 предмети за Вонредно ублажување на казната и по сите нив е одлучено со образложен предлог до Врховниот суд на Република Македонија.

**б) Граѓанско - судски постапки**

Со започнување на примената на Законот за парнична постапка од 27.12.2005 година, во граѓанските спорови вонредното правно средство Барање за заштита на законитоста против правосилните судски одлуки е укинато, меѓутоа во текот на извештајниот период од 2012 година, во Јавното обвинителство на Република Македонија, примени се 20 иницијативи за Барање за заштита на законоттса и сите се решени на начин што се одбиени како недозволени.

**в) Управно-судска и управна постапка**

Според Законот за управните спорови од 2006 година, Јавниот обвинител на Република Македонија има овластување пред Врховниот суд на Република Македонија да поднесе барање за заштита на законитоста против одлука на Управниот суд донесена по тужба за повторување на постапката. Во извештајната 2012 година примени се вкупно 20 иницијативи за подигање на Барање за заштита на законитоста. Јавниот обвинител на Републка Македонија во извештајната година не прифатил ниту една иницијатива.

Во управната постапка, според Законот за општата управна постапка, Јавниот обвинител е овластен да вложи вонредни правни лекови, и тоа: да поднесе барање за заштита на законитоста, барање за поништување и укинување по право на надзор, како и да предлага огласување на решение за ништовно. Во извештајната 2012 година странките имаат поднесено 8 иницијативи за предлагање огласување на решение за ништовно. Од овие поднесени иницијативи по право на надзор 2 се однесуваат на поништување на решенија, додека 6 се поднесени против управен орган во постапка по денационализација. Јавниот обвинител не прифатил ниту една иницијатива во текот на извештајниот период.

## *II. СТУДИСКО - АНАЛИТИЧКА АКТИВНОСТ*

Јавното обвинителство законската обврска не ја исцрпува само преку постапувањето во областа на предметната активност, туку ги следи и проучува општествените односи и појави од интерес за остварување на јавнообвинителската функција.

Во текот на 2012 година, јавното обвинителство остварувањето на вонпредметните активности ги вршеше континуирано и секојдневно со следење и согледување на општествените односи и појави од непосреден интерес за остварувањето на јавнообвинителската функција.

Целта на таквите активности, беше целосно согледување на проблемите кои имаат негативен однос врз остварувањето на прогонот на извршителите на кривични и други казниви дела, насочување на активностите кон превентивно делување и координирано настапување на органите за откривање во попречувањето на криминално и незаконито работење на одредени субјекти во општеството.

Согласно со програмата за работа на Јавното обвинителство на Република Македонија во текот на 2012 година заедно со вишите јавни обвинителства, беа извршени контроли над работата на основните јавни обвинителства при што посебно внимание беше посветено на квалитетот и ажурноста во нивното постапување по кривичните пријави и

предмети, и тоа преку контрола на работата на секој јавен обвинител во основните јавни обвинителства и основните јавни обвинители, за кои е донесена соодветна оценка за квалитетот на работата.

## *III. ПРЕСТАВКИ И ДРУГИ ПОДНЕСОЦИ*

До Јавното обвинителство на Република Македонија во 2012 година поднесени се 353 поднесоци, а од нив 155 кривични пријави и 198 преставки и други поднесоци.

Кривичните пријави се доставени на надлежност на основните јавни обвинителства со барање Јавното обвинителство на Република Македонија, да биде информирано за постапувањето по пријавите.

Од вкупно 198 поднесоци, 72 се поднесени од физички лица, 18 се поднесени од правни лица, 8 се поднесени од непознати лица, и 100 од други органи и институции.

Поднесоците во најголем број случаи се однесуваат на постапувањето по определени предмети од страна на обвинителствата и судовите од целата држава, на одлуките за отфрлање на кривичните пријави од основните обвинителства или пак на неажурно постапување по поднесени кривични пријави. Поднесоците со укажувања се доставени на постапување на надлежните основни јавни обвинителства, заради проверка на наводите или на вишите јавни обвинителства, со барање Јавното обвинителство на Република Македонија да биде известено за исходот од постапките. По добиените известувања од обвинителствата, информирани се подносителите на поднесоците.

## IV. ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

### IV.1.ВОВЕД

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција како дел од хиерархиската структура на Јавното обвинителство на Република Македонија кое е основано за целата територија на Република Македонија, функцијата на кривичното гонење ја остварува врз основа и во рамките на Уставот на Република Македонија, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Во согласност со чл.29 ст.4 од Законот за јавното обвинителство и одредбите на Законот за судови Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапува пред Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје 1 Скопје.

Во извештајната 2012 година, обвинителството како и во 2011 година работеше во услови на кадровска неекипираност и просторни проблеми при што во една канцеларија работеа по двајца јавни обвинители, а стручната служба немаше соодветни канцелариски услови. Во почетокот на годината јавно обвинителската функција ја извршуваа Основен јавен обвинител и 9 јавни обвинители, тројца јавни обвинители беа избрани на 15.05.2012 година и отогаш до крајот на годината, јавно обвинителската

функција ја извршуваа Основен јавен обвинител и 12 јавни обвинители, колку што впрочем е предвидено и со актот за систематизација. Обвинителството работеше само со двајца стручни соработници, 1 дактилограф и 1 уписничар. Овој број на извршители не е сразмерен на обемот на работа и карактерот и сложеноста на предметите за кои ова обвинителство е стварно надлежно да постапува, а особено ако се има во предвид фактот дека ова обвинителство многу рано се влучува во предкривичната постапка насочувајќи ја и координирајќи ја работата на Министерството за внатрешни работи и на Финансиската полиција. Извршувајќи ја функција на гонење, јавните обвинители од ова обвинителство постојано се присутни на превземањето на истражните дејствија во текот на истражната постапка, задолжително е нивното присуство на главниот претрес, а обвинителите редовно се ангажирани и во жалбената постапка со вложување на жалби, односно одговор на жалби. Работата се одвиваше на веке амортизирани компјутери со само делумна поврзаност со интернет а недоволен беше и обемот на предвидените финансиски средства и динамиката на нивната реализација.

Во 2012 година јавните обвинители покрај редовното работење беа вклучени и во разни органи и тела при изготвувањето и разгледувањето на измените во законските текстови на повеке закони од областа на казненото право, а дел од нив зедоа учество и како едукатори при спроведувањето на едукацијата за примената на одредбите од новиот Закон за кривична постапка. Сите обвинители активно ги посетуваа обуките, семинарите и тркалезните маси кои беа организирани од Академијата за судии и обвинители, Здружението на јавните обвинители и други здруженија.

И покрај тешките услови за работа, јавните обвинители и сите вработени во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на 2012 година со зголемен ангажман и залагање, го совладаа обемот на работата и покажааа успешни резултати во работењето што ќе се согледа од податоците кои ќе бидат понатаму изнесени во овој годишен извештај.

## IV.2.ФУНКЦИЈА НА КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ

### IV.2.1 Предкривична постапка- примена на посебните истражни мерки

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на 2012 година, како и во претходните години, во случаите каде што податоците и доказите неопходни за успешно водење на кривичната постапка на друг начин не можеа да се соберат или нивното собирање беше сврзано со поголеми тешкотии ги применуваше посебните истражни мерки од чл.142-б од Законот за кривичната постапка.

Во текот на 2012 година, во **41 случаи** беа применети посебни истражни мерки од чл.142-б од Законот за кривична постапка.

Примената на посебната истражна мерка-Следење на комуникации и влез во дом и други простории или во превозни средства заради создавање на услови за следење на комуникации од чл.142-б ст.1 т.1 од ЗКП, под услови и постапка утврдени со Законот за следење на комуникации, во Република Македонија започна да се применува во текот на 2008 година. Оваа посебна истражна мерка беше применета во 33 случаи против 124 лица со утврден идентитет и против лица со неутврден идентитет, така што од надлежниот истражен судија беа издадени 33 наредби. За споредба во 2011 година, во 39 случаи беа издадени наредби од истражен судија за примена на оваа мерка против 94 лица, а во 2010 година, во 29 случаи издадени се наредби против 175 лица.

Може да се забележи извесно зголемување на бројот на лица спрема кои е применета оваа посебна истражна мерка во однос на 2011 година, но тоа се должи пред се на зголемениот обем на предкривични истраги во насока на откривање на сторители на кривични дела. Во секој случај овој број варира од година во година и пред се зависи од тоа за кои кривични дела се работи, односно дали е неопходна примената на оваа посебна истражна мерка во насока на откривање и гонење на сторители на организиран и сериозен криминал.

Во натамошниот дел од овој извештај, следува анализа на случаите во кои се применети посебни истражни мерки вклучувајќи ја и мерката-Следење на комуникации и влез во дом и други простории или во превозни средства заради создавање на услови за следење на комуникации од чл.142-б ст.1 т.1 од ЗКП.

Имено, Министерството за внатрешни работи, до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за 41 случај поднесе предлози за примена на посебни истражни мерки против лица со утврден и со неутврден идентитет. Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, од овие 41 случаи, во шест случаи издаде наредби за примена на посебни истражни мерки само против лица со неутврден идентитет, во 20 случаи истовремено издаде наредби против лица со неутврден идентитет и до надлежниот истражен судија поднесе предлози за примена на мерките против лицата со утврден идентитет, а во 15 случаи до истражен судија поднесе предлози за примена на посебни истражни мерки само против лица со утврден идентитет. Од страна на истражниот судија, во сите случаи предлозите поднесени од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, беа прифатени.

Наредбите издадени во текот на 2012 година од страна на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, согласно чл.142-г од Законот за кривична постапка во случај кога не се располагаше со сознание за идентитетот на сторителите на кривичните дела, се однесуваа на примена на следните посебни истражни мерки:

- Тајно набљудување, следење и визуелно-тонско снимање на лица и предмети со технички средства во **6 случаи,**
- Привиден (симулиран) откуп на предмети, како и привидно (симулирано) давање поткуп привидно (симулирано) примање поткуп во **6 случаи**,
- Контролирана испорака и превоз на лица и предмети во **еден случај**,
- Користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци во **6 случаи**

Предлозите поднесени до истражен судија за издавање наредба за примена на посебни истражни мерки се однесуваа на следните посебни истражни мерки:

- Следење на комуникации и влез во дом и други простории или во превозни средства заради создавање на услови за следење на комуникации, по однос на кои од истражен судија беа издадени наредби за 33 случаи,
- Увид и пребарување во компјутерски систем, одземање на компјутерски систем или дел од него или базата за складирање на компјутерски податоци, по однос на кои од истражен судија беа издадени наредби за пет случаи,
- Тајно набљудување, следење и визуелно-тонско снимање на лица и предмети со технички средства, по однос на кои од истражен судија беа издадени наредби за 31 случаи,

- Привиден (симулиран) откуп на предмети, како и привидно (симулирано) давање поткуп привидно (симулирано) примање поткуп, по однос на кои од истражен судија издадени се наредби за 11 случаи,

- Контролирана испорака и превоз на лица и предмети, по однос на кои од истражен судија беа издадени наредби за два случаи,

- Користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци, по однос на кои од истражен судија беа издадени наредби за осум случаи.

Наредбите беа издадени, а предлозите поднесени поради постоење на основано сомнение за извршување на **следните кривични дела** :

- Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ во 15 случаи,
- Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ, Примање поткуп од чл.357 од КЗ, Давање поткуп од чл.358 од КЗ и Противзаконито посредување од чл.359 од КЗ, во 13 случаи,
- Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ, Даночно затајување од чл.279 ст.2 и Злосторничко здружување од чл.394 во осум случаи,
-Терористичка организација од чл.394-а од КЗ, Тероризам од чл.394-б од КЗ, во два случаи.

Како резултат на примената на посебните истражни мерки, Министерството за внатрешни работи до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, поднесе кривични пријави против 121 лице. Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, постапувајќи пријавите, до надлежниот истражен судија поднесе барања за спроведување на истрага против 89 лица. По завршувањето на истрагата, против 82 лица поднесени се обвинителни акти, за едно лице дадена е изјава за откажување од гонење, за две лица поднесен е предлог за прекинување на истрагата, за четири лица предметот е препратен на надлежно постапување во Основно јавно обвинителство Скопје, а за 32 лица постапката за примена на посебни истражни мерки е сеуште во тек. По поднесените обвиненија за 26 лица донесени се првостепени осудителни пресуди.

Споредбено, со 2012 година во која се издадени вкупно 41 наредба, во 2011 година беа издадени 39 наредби, во 2010 година 23 наредби, а во 2009 година 33 наредби. Ова значи дека се издадени 3 наредби повеќе во однос на 2011 година, 18 повеќе во однос на 2010 година, односно 8 наредби повеќе во однос на 2009 година. Процентуално бројот на издадени наредби од страна на јавниот обвинител во текот на 2012 година е зголемен за 5,1% во однос на 2011 година, во однос на 2010 година зголемен е за 78,26 %, а во однос на 2009 година бројот на наредби е зголемен за 24,24%.

Во овој извештај бројот на предлози и издадени наредби од истражен судија прикажан е по случаи, а не по поднесени предлози и издадени наредби од истражен судија како во претходните извештаи, без оглед на тоа дали истите се однесуваат на ист-претходно заведен или новозаведен случај, затоа што во одделни случаи се поднесуваат два или повеќе предлози и се издадаваат две или повеќе наредби.

IV.2.2 Кривични дела извршени од полнолетни сторители

IV.2.2.1. Надлежност и обем на работа

Согласно чл.31 од Законот за јавното обвинителство, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, постапува :

- за кривични дела извршени од структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да стекне финансиска или друга корист,

-за кривични дела извршени од структурирана група или злосторничка организација на подрачјето на Република Македонија или други држави или кога кривичното дело е подготвено или планирано во Република Македонија или во друга држава,

-за кривични дела Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5, Примање поткуп од значителна вредност од чл.357 и Противзаконито посредување од чл.359, сите од Кривичниот законик, извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице и за кривични дела-Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од членот 215 ст.3од КЗ, Перење пари и други приноси од казниво дело од чл.273 од КЗ, Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од чл.313 од КЗ, Давање поткуп од значителна вредност од чл.358 од КЗ, Незаконито влијание врз сведоци од чл.368-а ст.3 од КЗ, Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, Терористичка организација од чл.394- од КЗ, Тероризам од чл.394-б од КЗ, Трговија со луѓе од чл.418-а од КЗ, Криумчарење мигранти од чл.418-б од КЗ, Трговија со малолетно лице од чл.418-г од КЗ и за другите кривични дела против човечноста и меѓународното право од Кривичниот законик, независно од бројот на сторителите.

Во текот на 2012 година, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, во работа примило 116 нови кривични пријави против 388 полнолетни сторители на кривични дела и една кривична пријава против непознат сторител, а не се примени пријави за малолетни сторители на кривични дела. Споредено со 2011 година кога во работа биле новопримени пријави против 374 лица, бројот на новите кривични пријави во 2012 година бележи тенденција на пораст за 14 лица или изразено во проценти за 3,74 %.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во 2012 година постапувало и по нерешени кривични пријави од претходните години за 42 лица, со што ова обвинителство во 2012 година постапувало по кривични пријави против 430 полнолетни сторители на кривични дела.

IV.2.3.Подносители на кривични пријави

Структурата на подносители на кривичните пријави во 2012 година е следната :

- Министерство за внатрешни работи …..........275 лица или 70,87 %

- Други јавни обвинителства............ .............. 84 лица или 21,65 %

-Министерство за финансии…........................17 лица или 4,38 %

-Ова Јавно обвинителство................................8 лица или 2,08 %

-Други државни органи .....................................2 лица или 0,51 %

-Правно лице......................................................2 лица или 0,51%

**Вкупно 388 лица**

Најголема застапеност во подносителите на кривичните пријави има Министерството за внатрешни работи со 70,87 % , а потоа следуваат други ОЈО со 21,65%, Министерство за финансии со 4,38 %, ова јавно обвинителство со 2,08 % други државни органи со 0,51 %, и правно лице со 0,51%. Потребно е да се напомене дека кога како подносители на кривични пријави се јавуваат други јавни обвинителства всушност тоа преставува доставување на кривични пријави на надлежно постапување на ова јавно обвинителство, а истите се поднесени од МВР други државни органи.

IV.2.4.Постапување по кривични пријави

IV.2.4.1 Обем и ажурност

Во текот на извештајната година, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција постапувало по кривични пријави против 430 полнолетни сторители на кривични дела,од кои за 388 лица кривичните пријави биле примени во извештајната година, а за 42 лица кривичните пријави биле од претходните години .Од вкупниот број на кривични пријави во текот на 2012 година со јавно обвинителска одлука биле решени кривичните пријави за 399 лица, за 21 лице кривичните пријави останеле нерешени кај други органи, за 5 лица е поднесено барање за решавање на судир на надлежност, за 5 лица пријавата останала нерешена кај ова обвинителство. Причина за незавршената пријава во оваа јавно обвинителство против 5 лица е што кривичната пријава за нив е примена при крајот на 2012 година и иако јавниот обвинител на кој истата му била во предметна работа ја зел во проучување, поради краткиот рок не успеал да донесе јавно обвинителска одлука до крајот на 2012 година**.**

IV.2.4.2 Барања за собирање на потребни известувања

Во извештајната 2012 година институтот Барање за собирање на потребни известувања од чл. 142 од ЗКП од ова обвинителство е користен само во случаи кога тоа било нужно потребно одредени околности да се проверат или да се обезбедат одредени докази. Од статистичките податоци се гледа дека биле поднесени барања за собирања на потребни известувања за кривични пријави против 51 лица и тоа: за 43 лица барањето било доставено до МВР, за 6 лица барањето било доставено до Државно правобранителство на РМ, а за 2 лица потребните известувања биле побарани од Основниот суд- Битола. Гледано од аспект на кривични дела, барања за собирање на потребни известувања се поднесени за кривичното дело Злоупотреба на службената положба и овластување од чл. 353од КЗ за 42 лица, за кривичното дело „Даночно затајување од чл. 279 од КЗ„ за 1 лице , за кривичното дело „Перење пари и други приноси од казниво делоод чл. 273 од КЗ за 4 лица, за кривично дело Злоупотреба на безвизниот режим во државите членки на Европската унија и Шенгенскиот договор од чл 418-д за 1 лице , за кривично дело„Незаконито влијание врз сведоци од чл. 368-а од КЗ. за 3 лица Гледано по предмети се работи за барање за собирање на потребни извесувања во 17 предмети.

| Кривични дела | Поднесени барања за собирање потребни известувања по институции | | |
|---|---|---|---|
| | МВР на РМ | Државно правобранителство | Суд |
| Чл. 273 од КЗ | 4 | / | / |
| Чл. 279 од КЗ | 1 | / | / |
| Чл.353 од КЗ | 36 | 6 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Чл. 368-а од КЗ | 1 | / | 2 |
| Чл. 418-д од КЗ | 1 | / | / |
| Вкупно лица: | 43 | 6 | 2 |

IV.2.4.3.Предлог за преземање на определени истражни дејствија

Во извештајната 2012 година ова обвинителство има поднесено предлог за определени истражни дејствија за едно лице.

IV.2.4.4. Времетраење на постапката

Ажурноста на јавниот обвинител во решавањето на кривичните пријави и предмети во текот на 2012 година , од моментот на приемот во работа на кривичната пријава до донесување на прва јавнообвинителска одлука и на приемот во работа на кривичниот предмет до донесување на јавнообвинителска одлука е видна од следниот преглед:

| вид на одлука | до 7 дена | до 15 дена | до 30 дена | преку 30 дена | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| потребни известувања | 1 | 13 | 6 | 31 | 51 |
| истрага | 242 | 4 | / | 51 | 297 |
| оид | 1 | / | / | / | 1 |
| решение | / | / | 3 | 2 | 5 |
| Обв.акт | 261 | 31 | 11 | 10 | 313 |
| Непосреден обвин. акт | 1 | / | / | / | 1 |
| Обвинителен предлог | 1 | / | / | / | 1 |
| отстапено нанадлеж. | 18 | 6 | 5 | 14 | 43 |
| Вкупно | 525 | 54 | 25 | 108 | 712 |

IV.2.5.Одлуки по кривичните пријави

IV.2.5.1. Број и структура

Како што веќе е истакнато ова обвинителсто во извештајната година во работа имало кривични пријави против 430 полнолетни сторители на кривични дела. За 399 лица кривичната пријава била решена во 2012 година, за 21 лице кривичните пријави останале нерешени кај други органи, за 5 лица е поднесено барање за решавање на судир на надлежност, а за 5 лица поради објективни околности пријавата останала нерешена.

**Структурата на донесените одлуки се следниве**:

1) Поднесени барања за истрага против…......... ...... 297лица или 69,07 %

2) Барање за собирање на потребни известувања .......51лице или 11,86 %

3) Решени на друг начин против.................................43лица или 10,00%

4) Отфрлени се кривични пријави против…...............5 лица или 1,16 %

5) Поднесени се обвинителни предлози против….. .1 лица или 0,23 %

6) Определени истражни дејствија..............................1лице или 0,23%

7)Непосредно обвинение..............................................1лице или 0,23%

8)Обвинителен акт.....................................................313лица или 78,44%

Податоците за бројот и видот на одлуките по сите кривични пријави по кои е постапувано во 2012 година заедно со податоците на одлуките на второстепениот суд и на Врховниот суд на Република Македонија се изнесени во следната табела.

| | **П.И** | **Решение** | **Истрага и оид** | **Обв. Акт и обв. пред** | **Изјави и преки** | **Отст. на надлеж.** | **првостеп.пресуд** | **казни** | **Жалби и одговор ојо** | **Второст. пресуда** | **Одлука на Врховен суд** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Лица пријав. во 2012год** | **51** | **4** | **278**<br>**1** | **172 акт**<br>**1**<br>**Предл.** | **4 изјав**<br>**1 прек.** | **42** | **Вкупно 53**<br>**53 осудит.**<br>**ослобод. /**<br>**одбиват/** | **затвор 45**<br>**8 усл.**<br>**парич./** | **6 жалби**<br>**13 одговор** | **23 вкупно**<br>**12потврден**<br>**3 преинач**<br>**8 укинати** | / |
| **Лица од предмети од претходни години, а одлуки во 2012 година** | **/** | **1** | **19** | **140** | **7 изјав**<br>**1преки** | **1** | Вкупно 153<br>138 осудите.<br>4 одбиват.<br>11 ослобод. | 115 затвор<br>23 условни осуди<br>/<br>паричн | 69 жалби<br>97 одговор | 206 вкупно<br>134потврдени<br>19 преиначен<br>32 укинати | **Вкупно 40**<br>**22 потврдени**<br>13 укинати<br>**5 ублажени** казни |
| вкупно | 51 | 5 | 298 | 312 акти<br>1 предл. | 11 изјав. | 43 | 206 вкупно<br>Осудителни 191 | 160 затвор | 75 жалб.<br>110 | 208 вкупно<br>146 | Вкупно 40<br>22 потврдени |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 2<br>прек. | | 4 одбив.<br>11<br>ослобо. | **31 усл. осуди**<br>/<br>паричн. | одго вор | потврдени<br>22<br>приначен<br>40укинати | 13 укинати<br>5 ублажени казни |

IV.2.5.2.Отфрлени кривични пријави

За 430 лица кои биле во работа во 2012 година за 5 лица кривичната пријава е отфрлена или процентуално кривичната пријава е отфрлена за 1,16 % од вкупниот број на пријавени лица. Од отфрлените кривични пријави за 4 лица пријавата била поднесена во извештајната 2012 година а за 1 лица пријавата била од претходни години. Споредено со 2011 година кога биле отфрлени пријавите за 16 лица овој број е намален.

Гледано од аспект на кривични дела, кривичните пријави се отфрлени за 2 лица за кривично дело „ Злоупотреба на службената положба и овластување од чл. 353 од КЗ, за 1 лице пријавата е отфрлена затоа што пријавеното дело не е кривично дело за кое се гони по службена должност, за едно лице дека не постои основ на сомнение дека го сторил кривичното дело, а кривичната пријава за кривично дело Криумчарење мигранти од чл. 418-б од КЗ е отфрлена за 3 лица бидејки не постоеле основи на сомнение дека пријавените го сториле делото за кое биле пријавени.

IV.2.5.3. Истраги

Во текот на 2012 година, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, постапувајќи по кривичните пријави до надлежниот суд поднесе барања за спроведување истрага против вкупно 297 лица и за 1 лице е поднесен предлог за превземање на определени истражни дејствија.

Сите барања за спроведување истрага беа прифатени од страна на судот и беа донесени решенија за спроведување на истрагата. Споредено со 2011 година кога биле поднесени барања за истрага против 284 лица во извештајната 2012 година е зголемен бројот на лица против кои е поднесено брање за спроведување на истрага за 13 лица.

Во извештајната 2012 година покрај новите барања за спроведувања на истрага беа и истрагите кои на крајот на извештајната 2011 година останаа незавршени и тоа за 181 лица така што вкупно во работа беа истраги против 479 лица. Истражниот судија во 2012 година ја завршил истрагата за 340 лица , а за 139 лица истрагата е во тек пред истражните судии на Основен суд Скопје 1, со што е намален бројот на незавршени истраги. Од овие податоци е евидентно дека е зголемена ажурноста во постапувањето во текот на истражната постапка.

Имајки ги во предвид кривичните дела за кои се поднесени барањата за спроведување истраги и обемноста на предметите како и фактот дека во голем број тоа биле истраги во кои била определена мерка притвор, јавните обвинители присуствувале постојано на сите истражни дејствија кои биле превземани во текот на истрагата.

IV.2.5.4.Притвор

Тргнувајки од стварната надлежност на ова обвинителство , барањата за спроведување истрага се однесуваат на тешки кривични дела извршени најчесто во организирана форма, во кои постои основано сомневање дека обвинетите ке се сокријат односно ке се дадат во бегство, ќе ги уништат трагите на кривичното дело или ќе ја попречуваат истрагата со тоа што ке влијаат врз сведоците и соучесниците а во одредени кривични дела и стравот дека ке го повторат делото, јавните обвинители заедно со барањето за истрага за 188 лице поднеле и барање за определување на мерката притвор согласно чл.184 ст.1 т.1, 2 и 3 од ЗКП. Од страна на надлежните истражни судии таквите предлози беа прифатени, па оваа мерка е определена против вкупно 188 обвинети лица и тоа притвор за 181 лице, а за 7 лица била определена мерка куќен притвор како прва одлука.

Споредено со 2011 година кога мерката притвор и куќен притвор била изречена за 221 лица произлегува дека во извештајната 2012 година има намалување во определувањето на мерката притвор за 40 лица. Изразено во проценти тоа е намалување за 18% . Времетраењето на определената мерка притвор како прва мерка против 181 лице е прикажано во следниот преглед:

| до 48 часа | до 30 дена | до 60 дена | до 90 дена | до 6 месеци | над 6 месеци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| / | 16 | 22 | 61 | 23 | 59 | 181 |

На дел од овие лица првичната мерката притвор во текот на постапката им била заменета со мерка куќен притвор и тоа вкупно на 13 лица, чие времетраење во текот на 2012 година е прикажано во следната табела :

| до 30 дена | до 60 дена | до 90 дена | до шест месеци | над 6 месеци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 3 | 6 | 2 | / | 13 |

Во 2012 година за 7 лица беше определена мерката куќен притвор од чл.182-а од ЗКП, како прва мерка за обезбедување на присуство на обвинетите во текот на постапката.

Времетраењето на определената мерка куќен притвор против 7 лица е прикажано во следниот преглед :

| до 30 дена | до 60 дена | до 90 дена | до шест месеци | Над 6 месеци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | / | 2 | 4 | / | 7 |

За 135 лица на кои мерката притвор им била определена во 2011 година, а истата продолжила да се применува и во 2012 година, времетраењето е прикажано во следниот преглед :

| до 30 дена | до 60 дена | до 90 дена | до шест месеци | Над 6 месеци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4 | 1 | 2 | 127 | 135 |

За 23 лица на кои мерката куќен притвор им била определена во 2011 година, а истата продолжила да се применува и во 2012 година, времетраењето е прикажано во следниот преглед :

| до 30 дена | до 60 дена | до 90 дена | до шест месеци | Над 6 месеци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| / | / | / | / | 23 | 23 |

Анализирано според структурата на кривични дела за кои биле изречени за прв пат во 2012 година, мерките притвор и куќен против 188 лица состојбата е следната :
-Кривични дела против човечноста и меѓународното право по чл418-а,418-б,418-в, 418-г од КЗ.......... ..........................................................................................**61лице**
-Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори одчл.215 од КЗ................................ **44 лица**
-Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ со кр. дело чл. 378 од КЗ .........**17лица**.
-Злосторничко здружување од чл.394одКЗ со кр. дело од чл.363 од .............**14 лица**.
-Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ ..........**14 лица**.
-Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ со Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ.......................................................................**13 лица**.
Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ со кривично дело Издавање на чек без покритие и злоупотреба на платежна картичка од чл.274од КЗ и Правење набавување или отуѓување средства за фалсификување од чл.271 од КЗ.........**9 лица**.
-За кривично дело Тероризам по чл.394-б од КЗ.............................................**6 лица**.
-За кривично дело Непријавување подготвување на кривично дело по чл. 363 од КЗ.......................................................................................................................**2 лица**.
-За кривично дело Перење пари други приноси од казниво дело по чл. 273 од КЗ ......................................................................................................................**1 лице**.

IV.2.5.5. Предлози за обезбедување средства и имот

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на 2012 година, согласно Законот за кривична постапка до надлежниот суд, поднесе предлози за определување привремени мерки за обезбедување на имотно-правно барање што настанало поради извршување на кривични дела и тоа:

- Во врска со кривична постапка која се води против 23 лица за кривични дела-Злосторничко здружување од чл. 394, кривично дело-Перење пари и други приноси од казниво дело од чл. 273 од КЗ, кривично дело-Даночно затајување од чл.279 од КЗ, кривично дело- Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ, кривично дело-Оштетување или повластување на доверители од чл.257 од КЗ и кривично дело-Спречување на докажување од чл.368 од КЗ, со решение ставена е забрана на 15 обвинети лица и други 5 лица, кои не се опфатени како обвинети во ова кривична постапка, да ги отуѓуваат и оптоваруваат своите недвижности или стварни права кои врз истите се запишани во нивна корист, со прибелешка на таа забрана во јавните книги и со

забрана да ги даваат под закуп се до правосилното завршување на кривичната постапка и тоа на индивидуални станбени објекти и станови во вкупна површина од 713 м2 и на земјиште во вкупна површина од 16.415,3м2, а со друго решение извршена е заплена и воспоставување на заложно право-владетелски залог на 9-девет патнички моторни возила регистрирани на име на едно правно лице.

- Во врска со кривична постапка која се води против 16 лица за кривично дело-Перење пари и други приноси од казниво дело од чл. 273 од КЗ, кривично дело-Изнуда од чл.258 од КЗ и др. кривични дела поднесен е предлог и донесено е решение со кое определена е мерка -замрзнување на средства на повеќе сметки во Стопанска банка, Алфа банка, Тутунска банка, Комерцијална банка, како и забрана за располагање со акции.

- Во врска со кривична постапка која се води против 19 физички лица и 1 правно лице за кривично дело-Перење пари и други приноси од казниво дело од чл. 273 од КЗ, поднесен е предлог и донесено е решение со кое определена е мерка - обезбедување на имотно-правно барање што настанало поради извршување на кривично дело и тоа земјиште во место викано,, Голема нива,, со вкупна површина од 4859 м2 запишано во ИЛ. бр.2002 за КО Нерези и нива во место викано ,,Дузлак,, со површина од 3848 м2 запишано во ИЛ бр.87771 КО Штип. Во врска со истиот случај во преткривична постапка, согласно Законот за спречување на перење пари и финансирање тероризам определена е мерка - привремено запирање на трансакции на жиро сметка на правно лице во ТТК Банка АД Скопје.

- Во врска со кривична постапка која се води против 86 лица за кривично дело-Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ и кривично дело- Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 ст.5 од КЗ поднесен е предлог и донесено е решение со кое определена е мерка - обезбедување на имотно -правно барање што настанало поради извршување на кривично дело и тоа: на 21 стан во вкупна површина од 1607 м2, куќи во вкупна површина од 588м2, земјиште во вкупна површина од 27.538м2 и забрана за продажба, отуѓување и располагање со вкупно 113 возила.

-Во врска со кривична постапка која се води против 17 лица за кривично дело-Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ и кривично дело- Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ поднесен е предлог и донесено е решение со кое определена е мерка - привремено обезбедување на средства на повеќе банкарски сметки во Стопанска банка, Алфа банка, Тутунска банка, Комерцијална банка, Шпаркасе банка, ТТК банка, Еуростандард банка, Охридска банка и Халк Банка АД Скопје, како и мерка привремено обезбедување на имот со ставање хипотека на недвижен имот кој се води на правно лице и тоа деловни простории во вкупна површина од 343м2, објекти за семејно домување во вкупна површина од 686м2, други објекти во вкупна површина од 175м2 и земјиште во вкупна површина од 6266м2.

-Во врска со кривична постапка која се води против 13 лица за кривично дело-Злосторничко здружување од чл. 394 од КЗ и кривично дело- Даночно затајување од чл.279 од КЗ поднесен е предлог и донесено е решение со кое определена е мерка - замрзнување на средства на банкарска сметка во Стопанска банка на износ од 1.000.000,00 Евра.

IV.2.5.6.Одлуки по спроведена истрага

Во 2012 година според статистичките податоци се воделе истраги против 479 лица и тоа за 298 лица по ново примени кривични пријави и за 181 лица започнати од претходен период.

Истражниот судија во 2012 година ја завршил истрагата за 340 лица од кои за 313 лица е подигнат обвинителен акт, за 11 лица е дадена изјава за откажување од гонење, за **2** лица донесени се решенија за прекин на истрага, а за 14 лица предметот по завршувањто на истрагата бил испратен на надлежност на друго ОЈО. За 139 лица истрагата е во тек пред истражните судии на Основен суд Скопје 1.

Процентуално искажано состојбата е следна:

**Вкупен број на истраги за 479 лица**

**- Завршени истраги за 340 лица или 70,98 %**

**- Незавршени истраги за 139 лица или 29,02 %**

Од завршените истраги се се донесени следните одлуки

| **Завршени истраги** | Обвинителни акти | Испратени на надлежност на др. ОЈО | Изјави за откажување од гонење | Прекин на истрагата |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно: 340** | 313 лица | 14 лица | 11 лица | 2 лица |
| **100%** | 92,05 % | 4,12 % | 3,24 % | 0,58 % |

IV.2.6. Обвинителен акт

Во извештајната 2012 година биле поднесени обвиненија против 313 лица. Во споредба со 2011 година, во текот на која биле поднесени обвиненија против 190 лица, а и во однос на 2010 година во текот на која биле поднесени обвиненија против 262 лица, има тенденција на зголемување на бројот на поднесени обвиненија. Така во однос на 2011 година бројот на обвиненија е поголем за 123 лица, а во однос на 2010 година тој број е поголем за 51лица. Ваквото зголемување пред се е резултат на зголемениот број на завршени истраги во текот на 2012 година.

IV.2.7. Имотна штета

Во текот на 2012 година по поднесените обвиненија вкупната имотна штета од сторените кривични дела против службената должност изнесува 131.379.544,00 денари.

Во однос на претходната 2011 година кога имотната штета изнесувала 1.750.000 денари, се забележува значително зголемување на висината на имотната штета што пред се е резултат на зголемениот број на откриени и процесуирани кривични дела, односно зголемениот број на откриени лица сторители на кривичните дела Злоупотреба на службената положба и овластување од чл. 353 ст.5 од КЗ, Перење пари и други приноси на казниво дело по чл.273 од КЗ и Даночно затајување по чл.279 од КЗ.

IV.2.8.Пресуди

Во 2012 година по поднесените обвиненија за 313 лица, биле донесени пресуди за 206 лица, а непресудени останале обвиненија за 107 лица или 34,18%. Овде е важно да се забележи дека за дел од предметите судот има објавено првостепена одлука, но бидејки истите не се писмено изработени и доставени до ОЈО тие статистички не се забележани поради што реално бројот на предмеите кои се завршени во првостепена постапка е поголем од бројот кој статистички е забележан .

IV.2.8.1 Структура на првостепени пресуди:

-Осудителни.............191 лица или 92,71 %
-Ослободителни..........11лица или 5,33%
-Одбивателни...............4 лица или 1,94 %
Вкупно:.................... 206 лица

Изречени кривични санкции:

-Затвор....................... 160 лица или 83,77 %
-Условна осуда........... 31лице или 16,23 %
Вкупно:..................... 191 лице

Споредбено со 2011 година кога беа донесени првостепени пресуди против 180 обвинети лица, произлегува дека во 2012 година се донесени повеќе првостепени пресуди против 26 лица или зголемување од 12,62 %.

IV.2.8.2. Второстепени пресуди

Во текот на 2012 година донесени се второстепени пресуди против вкупно 208 лица, од кои за 168 лица или 80,77 % првостепените пресуди се потврдени, а за 40 лица или 19,23% првостепените пресуди се укинати. Важно е да се напомене дека од овие 40 лица за кои се укинати пресудите за 20 лица пресудите се укинати по жалба на јавен обвинител.

Споредено со 2011 година кога биле донесени второстепени пресуди против 126 лица се забележува зголемување на бројот на второстепени пресуди за 82 лица или 65,07%.

IV.2.8.3. Одлуки на Врховниот суд на Република Македонија

Врховниот суд на Република Македонија во 2012 година постапувајќи по вонредни правни лекови против 40 осудени лица, за 22 осудени лица ги потврдил пресудите на пониските судови, против 13 лица ги укинал и на 5 лица им ги ублажил казните.

Се забележува дека само за мал дел од правосилните пресуди се вложуваат вонредни правни лекови пред Врховниот суд на Република Македонија, па поради тоа нема можност за извлекување на некакви генерални заклучоци.

IV.2.9 Жалби и одговор на жалба

Во 2012 година против пресудите на надлежните судови, ова јавно обвинителство изјавило жалби против вкупно 75 лица, како и одговор на жалба за 110 лица. Споредено со 2011 година кога против пресудите на надлежните судови, оваа јавно обвинителство изјавило жалби против вкупно 32 лица се бележи значително зголемување на бројот на поднесени жалби . Целта на вложените жалби е Основното јавно обвинителство за гонење

на организиран криминал и корупција да изврши влијание на генерално, благата казнена политика на судовите.

Жалбите најчесто се поднесувани поради одлуката за кривичната санкција во случаи кога првостепениот суд ги преценил олеснителните околности и на обвинетите им изрекувал казни кои не одговарале на степенот на вината кај обвинетите.

IV.2.10 Конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети

Со пресуди донесени во 2012 година кои сеуште не станале правосилни изречена е конфискација на имотна корист и тоа на :

-295.201.199,50 денари
- 1205,оо евра;

а одземени се и разни видови на подвижни предмети кои биле наменети за извршување или настанале со извршување на кривичните дела и тоа:
- 14 товарни моторни возила, 35 патнички моторни возила,177 мобилни телефони,- парични средства – 5.125.856,оо денари, 259.805 Евра, 752 амер. долари, 70 австралиски долари, 400 швајцарски франци, 1100 унгарски форинти, 1пиштол, 2 автоматски пушки, 20 куршуми, нож, дигитална вага,златен ланец, 49 компјутер, 3 сервери, 14 лаптопи, недвижен имот 2394 м2, -наркотична дрога – хероин-2.460 грама, -наркотична дрога – марихуана.-138.775 грама, 43 семки канабис , 8208 таблети со лого М и одземени се и поголем број на други подвижни предмети и исправи.

Со правосилни пресуди донесени во 2012 година изречена е конфискација на имотна корист и тоа на :

-927.260,00 денари
-511.544 амер. долари со камата до денот на извршување на кофискацијата
-имот во вредност од 6.985.567,24 Евра
-имот во вредност од 12.984.130,оо денари
-имот со површина од 5385 м2;

а одземени се и разни видови на подвижни предмети и тоа:

-28 патнички моторни возила, 113 мобилни телефони, 418.550 евра, 49.200.291 денари, 1 ловечка пушка, 2 рачна бомби, 803 куршуми, 6 пиштоли, 1 лаптоп, 3 угостителски објекти, 8.575 грама наркотична дрога - хероин, 882,14 грама наркотична дрога – марихуана, 30 стебла канабис, 12 кеси амфетамин, 1011 таблети кофеин.

IV.3 СТРУКТУРА НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА И ВИД НА ОДЛУКИ

Глава XXI

## КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО

**За кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ,** во текот на 2012 година биле поднесени нови кривични пријави против 58 лица. Сите кривични пријави се решени со тоа што за 50 лица е поднесено барање за спроведување на истрага,

за 7 лица кривичната пријава е доставена на друго ОЈО на надлежно постапување, а за едно лице е поднесено непосредно обвинение.

Покрај новите истраги за 50 лица во работа биле и истрагите за 13 лица кои останале незавршени во изминатиот период или вкупно во работа биле истраги за 63 лица. За 53 лица истрагата завршила, по што за 51 лице бил подинат обвиниелен акт, а за 1 лице била дадена изјава за откажување од гонење, за 1 лице истрагата била во прекин, а за 10 лица истрагата остнала незавршена. По поднесените обвинителни акти од извештајната 2012 година и по обивнителни акти од претходни години донесени се 53 осудителни пресуди, од кои за 52 лица е изречена казна затвор и за 1 лице условна осуда, а за 4 лица донесена е ослободителна пресуда. Вложени се жалби за 31 лице, од кои за 5 лица се уважени, а за 42 лица е вложен одговор на жалба. За 44 лица е определна мерката притвор. Од страна на второстепениот суд за 35 лица пресудата е потврдена, за 6 лица се преиначени, а Врховниот суд ги потврдил пресудите за 3 лица .

## Глава XXIII
## КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ

**За кривичното дело – Оштетување туѓи права од чл.244 од КЗ**, во текот на извештајната година во работа биле кривични пријави за 2 лица кои биле решени така што се доставени на надлежно постапување на друго јавно обвинителство.

**За кривично дело-Изнуда по чл.258 од КЗ** во извештајната 2012 година по обвиненија поднесени од претходни години биле донесени за четири лица второстепени одлуки со кои изречената казна затвор им се потврдени, а Врховниот суд потврдил за три лица. Во извештајната 2012 година за едно лице е донесена второстепена пресуда која е потврдена од Врховниот суд за кривично дело Разбојништво по чл. 237 од КЗ.

## Глава XXV
## КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ, ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ И СТОПАНСТВОТО

За кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството поднесени кривични пријави против 43 лица а во работа биле против три лица од претходен период и тоа:

**-за кривично дело – Перење пари и други приноси од казниво дело по чл.273 од КЗ,** за 26 лица се ново примени кривични пријави, а во работа биле кривичните пријави за 3 лица од претходен период или вкупно за ова кривично дело во извештајната 2012 година во работа биле кривични пријави за 29 лица. За 4 лица е поднесено барање за собирање на потребни известувања, за 22 лица има поднесено барање за спроведување на истрага, а за 3 лица пријавата останала незавршена кај други органи. За ова кривично дело во извештајната 2012 година во работа биле истраги за 26 лица, при што истражниот судија до крајот на извештајниот период ја завршил истрагата за 21 лице, по што јавното обвинителство поднело 21 обвинителен акт. За 5 лица истрагата останала незавршена кај истражниот судија. По обвинителни акти поднесени од претходен период донесени се 13 осудителни пресуди со кои се изречени за 5 лица казна затвор, а за 8 лица условни осуди за што се вложени и три жалби. Поднесени се вкупно 3 жалби и 1 одговор на жалба по донесени пресуди за обвиненија од претходен период. Од страна на второстепениот суд за 4 лица првостепената пресуда е потврдена.

**-за кривично дело- Криумчарење од чл.278 од КЗ**, во работа биле кривични пријави за 3 лица и истите се решени на начин што се доставени на надлежно постапување на друго јавно обвинителство.

**- за кривично дело – Даночно затајување од чл.279 од КЗ**, во работа биле кривични пријави за 13 лица . По кривични пријави, за 1 лице поднесено е барање за собирање потребни известувања, за 6 лица е поднесено барање за спроведување истрага, а 6 лица кривичните пријави биле отстапени на надлежно постапување на друго ОЈО. Во извештајната 2012 година во работа биле истраги од претходен период за 4 лица или вкупно во 2012 година ова обвинителство постапувало по барање за спроведување на истрага за 10 лица. По завршувањето на истрагата за 4 лица е подигнат обвинителен акт, а за 6 лица истрагата останала незавршена до крајот на 2012 година. Донесена е осудителна пресуда за едно лице на казна затвор. Врховниот суд по пресуда од предходен период ја потврдил пресудата за 7 лица, а за 1 лице ја ублажил казната .

**- за кривичното дело- Злоупотреба на овластувањата во стопанството од чл.287 од КЗ**, во работа била кривична пријава за 1 лице и истата е решена на начин што е доставена на надлежно постапување на друго јавно обвинителство.

## ГлаваXXX
## КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ

За кривичните дела Против службената должност во извештајната 2012 година во работа биле кривични пријави за 116 лица и тоа за 98 лица кривичната пријава е примена во извештајната 2012 година а за 18 лица пријавата била од претходна година.

**-за кривичното дело – Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ** биле новопримени кривични пријави за 91 лице, а во работа биле и пријавите за 18 лица од претходни години или вкупно за ова кривично дело во работа биле кривични пријави против 109 лица. Во извештајната година за 42 лица биле побарани потребни известувања, за 2 лица кривичната пријава е отфрлена, за 41 лице е поднесено барање за спроведување истрага, за 11 лице кривичната пријава е доставена на надлежно постапување на друго ОЈО, за 8 лица кривичната пријава останала нерешена кај други органи на крајот на извештајниот период, а за 5 лица е поднесено барање за решавање на судир на надлежност. Во извештајната 2012 година за ова кривично дело во работа биле истраги од претходен период за 126 лица па заедно со новите истраги за 41 лице обвинителството постапувало по барање за спроведување на истрага за 167 лица. Во извештајната 2012 година истрагата била решена за 100 лица, по што биле поднесени обвинителни акти за 93 лица, изјави за откажување од гонење биле донесени за 7 лица. Останале незавршени истрагите за 67 лица. По поднесените обвиненија од претходен период биле донесени 10 осудителни пресуди, со кои за 6 лица била изречена казна затвор, а за 4 лица била изречена условна осуда. Вложени се жалби за 4 лица. По предлог на јавниот обвинител за 14 лица е определена мерката притвор. Второстепениот суд донел пресуди за 19 лица, од кои за 10 лица пресудата ја потврдил, за 1 лице истата ја преиначил, а за 8 лица ја укинал.

**-за кривично дело Примање поткуп по чл. 357 од КЗ** за 7 лица е поднесено барање за спроведување на истрага. По завршување на истрагата за четири лица се поднесени обвинителни акти, а за 3 лица истрагите останале нерешени. Од претходен

период за 2 лица се донесени осудителни пресуди на казна затвор, 2 лица се донесени одбивателни пресуди, за 2 лица има поднесено жалба, за 15 лица се донесени второстепени пресуди од кои за 2 лица се потврдени, а за 13 лица се укинати. Врховниот суд ги укинал пресудите за 13 лица.

Укинатите пресуди беа предмет на анализа, при што беше констатирано дека повисоките судови завземаат ставови кои се спротивни на ставовите завземени на стручните колегиуми на ова Јавно обвинителство, а кои сметаме дека се во согласност со меѓународните конвенции, правната теорија и судската пракса од земјите во соседството, а и пошироко. Ова, пред се, се однесува на ставовите во врска со тоа што претставува злосторничко здружување, што претставува организирана група и дали доколку не е утврдено кој е организатор на групата, тоа значи дека не постои организирана криминална група, какви треба да бидат релациите помеѓу организаторот и припадниците на групата и слично. Сметаме дека овие, а и други правни дилеми кои се појавуваат при предметното работење треба да бидат предмет на анализа и расправа и пред повисоките јавни обвинителства.

## Глава XXXI
## КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВОСУДСТВОТО

**За кривичното дело Непријавување подготвување на кривично дело од чл. 363 од КЗ и за кривичното дело Незаконито влијание врз сведоци од чл. 368 од КЗ,** примени се нови кривични пријави за 7 лица и 1 лице од предходен период. За 3 лица било побарано собирање на потребни известувања, а за 1 лице е поднесен предлог за собирање на определени истражни дејствија, за 1 лице останала нерешена на крајот на извештајниот период, за 1 лице е поднесен обвинителен предлог, за 2 лица е поднесен обвинителен акт.

## Глава XXXII
## КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ПРАВНИОТ СООБРАЌАЈ

**За кривичното дело Фалсификување исправа по чл. 378 од КЗ** примени се нови кривични пријави за 3 лица и сите се отстапени на надлежност на друго ОЈО.

## Глава XXXIII
## КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД

**За кривичните дела против јавниот ред** вкупно во работа биле кривични пријави за 100 лица и тоа за 15 лица пријавата била од претходен период, а за 85 лице пријавата била примана во извештајната година и тоа :

**-за кривично дело Недозволено држење на оружје или распрскувачки материи од чл.396 од КЗ**, по завршени истраги од претходен период за 5 лица се подигнати обвинителни акти. За 3 лица донесени се осудителни пресуди на казна затвор, за 2 лица одбивателни, поднесени се за 6 лица жалби, за 3 лица одговори на жалби. Донесени се второстепени пресуди за 7 лица од кои за 6 лица се потврдени пресудите, а за 1 лице е укината пресудата.

**-за кривичното дело - Злосторничко здружување чл.394 од КЗ,** во работа биле кривични пријави за 80 лица од кои за 65 лица биле примени во извештајната година, а од претходен период за 15 лица. Поднесени се за 66 лица барања за спроведување на истрага, за 5 лица кривичната пријава останала нерешена во ова ОЈО, а за 9 лица во други органи на крајот на извештајниот период. Во извештајната година во работа биле и истраги од претходен период за 4 лица, што значи вкупно обвинителството во 2012 година постапувало по барање за спроведување на истрага против 70 лица. Истражниот судија ја завршил истрагата за 45 лица, по што за 44 лица бил подигнат обвинителен акт, а за 1 лице предметот бил отстапен на надлежно постапување на друго ОЈО; за 21 лице истрагата останала нерешена. По поднесените обвиниенија донесени се 22 осудителни пресуди, со кои за 20 лица е изречена казна затвор, за 2 лица условна осуда. Вложени се 10 жалби и 20 одговор на жалба и определени се 27 притвори. Второстепениот суд по кривични дела од оваа глава донел пресуди за 49 лица, при што за 45 лица пресудата била потврдена, а за 4 лица пресудата ја преиначил. Врховниот суд за 2 лица ја ублажил казната.

**-за кривично дело-Тероризам чл 394-б од КЗ** во работа биле кривични пријави за 7 лица, за 6 лица поднесени се за барања за спроведување на истрага и определени се 6 притвори, а за 1 лице кривичната пријава отстапена е на надлежност на друго ОЈО. Истражниот судија ја завршил истрагата за 6 лица, по што за 6 лица било подигнато обвинителен акт.

**За кривично дело-Напад на службено лице при вршење работи на безбедност од чл.383 од КЗ,** во работа биле кривични пријави за 13 лица, за кои е поднесени се барања за спроведување на истрага. По сроведената истрага за 13 лица предметот е отстапен на друго ОЈО.

## Глава XXXIV
## КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ЧОВЕЧНОСТА И МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО

За кривичните дела против човечноста и меѓународното право во работа биле кривични пријави против 89 лице и тоа за 5 лица пријавата била од претходен период, а за 84 лица пријавата била примена во 2012 година. За 1 лице е побарано собирање на потребни известувања, за 3 лица пријавата е отфрлена, за 84 лица е поднесено барање за спроведување истрага, за едно лице пријавата е решена на друг начин и тоа;

**-за кривично дело Трговија со луѓе по чл. 418-а од КЗ** во извештајната година во работа биле кривични пријави против 11 лице и тоа за 5 лица пријавата била од претходен период, а за 6 лица пријавата била примена во 2012 година. За 11 лица е поднесено барање за спроведување истрага. Покрај новите 11 барања за истрага биле и барање за истрага од преходен период за 14 лица или вкупно обвинителството постапувало по 25 барања за спроведување истрага. Истрагата била завршена за 20 лица, при што за 18 лица е подигнат обвинителен акт, за 2 лица е дадена изјава за откажување од гонење, а за 5 лица истрагата не е завршена. Добиени се 20 осудителни пресуди, од кои на 7 лица им е изречена казна затвор, на 6 лица им е изречена условна осуда, а на 7 лица изречена е ослободителна пресуда. Вложени се 2 одговори на жалби. Истражниот судија за 3 лица определил мерка притвор.

**- за кривичното дело-Криумчарење мигранти по чл. 418-б од КЗ** во работа биле кривични пријави против 70 лица. За 3 лица пријавата е отфрлена, за 66 лица е поднесено барање за спроведување истрага, за едно лице пријавата е отстапена на друго ОЈО. Во извештајната година покрај новите 66 барања за истрага биле и барање за истрага од

преходен период за 3 лица или вкупно обвинителството постапувало по 69 барања за спроведување истрага. Истрагата била завршена за 52 лице, при што за 51 лица е подигнат обвинителен акт, за 1 лица е дадена изјава за откажување од гонење, а за 17 лица истрагата не е завршена. Добиени се 42 осудителни пресуди, од кои за 32 лица им е изречена казна затвор, на 10 лица им е изречена условна осуда. Вложени се 11 жалби и 15 одговори на жалби. Истражниот судија за 57 лица определил мерка притвор. Второстепениот суд донел пресуди за 40 лица при што за 23 лица пресудата ја потврдил, а за 10 лица ја пеиначил, за 7 лица ја укинал. Врховниот суд постпаувајки по вонредни одлуки донел пресуди за 10 лица со тоа што за 8 лица ги потврдил веке донесените пресуди, а за 2 лица ја ублажил казната.

**-за кривично дело-Организирање на група и потикнување на извршување на делата трговија со луѓе,трговија со малолетно лице и криумчарење мигранти по чл. 418-в од КЗ** во работа биле кривични пријави против 2 лица. За кои е поднесено барање за спроведување истрага. Истрагата била завршена за 2 лица, при што за 2 лица е подигнат обвинителен акт. Добиени се 19 осудителни пресуди, од кои за 19 лица им е изречена казна затвор. Вложени се 1 жалби и 13одговори на жалби. Второстепениот суд донел пресуди за 16 лица при што за 8 лица пресудата ја потврдил, а за 1 лице ја пеиначил, за 7 лица ја укинал.

**-за кривично дело -Трговија со малолетно лице по чл. 418-г од КЗ** во извештајната година во работа биле 8 истраги од предходен период , по што се подигнати обвинителни акти за 7 лица, а за едно лице е прекината истрагата. Добиени се 8 осудителни пресуди, со кои на сите 8 лица им е изречена казна затвор. Вложени се 7 жалби и 10 одговори на жалби. Второстепениот суд донел пресуди за **8** лица при што за сите 8 лица пресудата ја потврдил.

-з**а кривично дело – Злоупотреба на безвизниот режим во државите членки на Европската унија и Шенгенскиот договор по чл. 418-д од КЗ** во извештајната година во работа биле кривични пријави против 6 лица, за 1 лице е поднесено барање за собирање потребни известувања, за 5 лица е поднесено барање за спроведување истрага , по што се подигнати обвинителни акти за 5 лица. Добиени се 4 осудителни пресуди, со кои на сите 4 лица им е изречена казна затвор. Вложени се 4 одговори на жалби. Второстепениот суд донел пресуди за **4** лица при што за сите 4 лица пресудата ја укинал.

Од **Законот за акцизи по чл. 59** поднесени се кривични пријави против 3 лица и истите се отстапени на надлежно постапување во друго ОЈО.

Структурата на кривичните дела по кои постапуваше Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и видот на одлуки кои се донесени во текот на 2012 година, е видна од следниот табеларен преглед :

| член од КЗ | П. И | Решени за отфрла | Отста на надле | Истр ага | Изјава откаж. од гон. | Об.пре Обв.ак | Првос пресуд | Жалба | Второс теп. пресуд | пресуда на Врховен Суд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **215** | / | / | **7** | **50** | **1** | **51** | **57** | **31** | **41** | **3** |
| **237** | | | | | | | | | **1** | **1** |
| **244** | / | / | **2** | / | / | / | / | / | / | / |
| **258** | / | / | / | / | / | / | / | / | **4** | **3** |
| **273** | **4** | / | / | **22** | / | **21** | **13** | **3** | **4** | / |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **278** | / | / | **3** | / | / | / | / | / | / | / |
| **287** | / | / | **1** | / | / | / | / | / | / | / |
| **288** | / | / | **5** | / | / | / | / | / | / | / |
| **279** | **1** | / | **6** | **6** | / | **4** | **1** | / | / | **8** |
| **357** | / | / | / | **7** | / | **4** | **4** | **2** | **15** | **13** |
| **378** | / | / | **3** | / | / | / | / | / | / | |
| **353** | **42** | **2** | **11** | **41** | 7 | **93** | **10** | **4** | **19** | / |
| **59 зак.за акциз** | / | / | **3** | / | / | / | / | / | / | / |
| **368-а 363, 364** | **3** | / | / | **3** | / | **2** | **1** | / | / | / |
| **396** | / | / | / | / | / | **5** | **5** | **6** | **7** | / |
| **394**<br>**394-б**<br>**383** | / | / | **1** | **85** | / | **50** | **22** | **10** | **49** | **2** |
| **418-а** | / | / | / | **11** | **2** | **18** | **20** | / | / | / |
| **418-б** | / | **3** | **1** | **66** | **1** | **51** | **42** | **11** | **40** | **10** |
| **418-в** | / | / | / | **2** | / | **2** | **19** | **1** | **16** | / |
| **418-г** | / | / | / | / | / | **7** | **8** | **7** | **8** | / |
| **418-д** | **1** | / | / | **4** | / | **5** | **4** | / | **4** | / |
| **Вкупно** | **51** | **5** | **43** | **298** | **11** | **313** | **206** | **75** | **208** | **40** |

Од изнесените податоци евидентно е дека и во текот на 2012 година, како и во претходните години се задржува тенденцијата на доминација на бројот на извршените кривични дела - Злоупотреба на службената положба и овластување од чл.353 од КЗ, Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 од КЗ, Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење на мигранти од чл.418-в од КЗ и Криумчарење мигранти од чл.418-б од КЗ, како и Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ со кривичните дела на злоупотреба на службената положба и овластување и перење пари, при што се откриени и процесуирани неколку организирани криминални групи чии припадници во најголем број случаи се службени лица и одговорни лица, додека за останатите кривични дела бројот на откриените сторители со мали отстапувања не се разликува од оној во претходниот период.

## IV.4 СОРАБОТКА СО ДРУГИТЕ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Како во претходните, така и во 2012 година, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, согласно утврдената Програма за работа, ја продолжи воспоставената непосредна, интензивна и тесна соработка со органите надлежни за откривање на сторителите на кривичните дела, а особено со Одделот за организиран криминал при Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, со Финансиската полиција при Министерството за финансии на Република Македонија, со Управата за финансиско разузнавање, со Управата за јавни приходи, со Царинската управа, како и со Државната комисија за спречување на корупцијата.

По конкретни предмети, под раководство и координација на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, беа одржувани состаноци на кои присуствуваа претставници од наведените институции на кои им беа давани упатства и насоки за натамошното постапување. Претставник на ова обвинителство редовно присуствува на состаноците кои ги организира Управата за финансиско разузнавање, а воедно е и член на советодавното тело на Владата за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

## IV.5 МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И СТРУЧНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Што се однесува до меѓународната соработка, треба да се нагласи дека е исклучително значајна улогата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во активностите на Советодавната јавно обвинителска група на земјите од Југоисточна Европа SEEPAG во која членуваат претставници на јавните обвинителства од 13 земји од Регионот и тоа покрај Република Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Молдавија, Романија, Словенија, Србија, Црна Гора, Турција, Хрватска и Унгарија.

Во текот на 2012 година, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на Р.Македонија го превзеде претседателството во рамките на мрежата SEEPAG. Се одржаа две тематски конференции. Првата се одржа во Охрид и се анализираше темата –Злосторничко здружување, а во октомври во Скопје темата – Односот на Јавното обвинителство со медиумите.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција има претставници и во меѓународните проекти ILECUS и UNODS за борба против трговијата со дрога.

Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на 2012 година, активно го имплементираше Вториот дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, преку континуирано остварување на директна комуникација и соработка со обвинителствата во соседните држави и државите од Европската Унија, со цел за прибавување на докази, забрзување на постапките за меѓународна правна помош, како и реализирање на заеднички и кординирани истраги со надлежните органи, при што во текот на 2012 година беа спроведени заеднички истраги во неколку случаи:

Во текот на 2012 година, остварена е меѓународна правна помош во неколку случаи:

По Барање за спроведување на истрага КО бр.38/12 поднесено од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција пред Основниот суд Скопје I Скопје се води истрага против 3 лица од кои двајца државјани на Р.Македонија и 1 државјанин на Р.Бугарија за кривично дело-Неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори од чл.215 ст.3 в.в со ст.1 од КЗ, затоа што истите неовластено набавувале опрема, материјали и супстанции заради неовластено производство и држење на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, па во текот на истрагата која е во тек, од страна на ова обвинителство до истражниот судија поднесен е предлог да се спроведе Постапка за давање на меѓународна правна помош заради обезбедување на докази од органите на откривање и кривичен прогон во Р.Бугарија, кој предлог е прифатен и неговото спроведување е во тек,. Имено дел од дејствијата веќе се превземени со помош и соработка на Секторот за меѓународна полициска соработка-SELEC--центарот во Букурешт.

На Барање за меѓународна правна помош од Специјалното обвинителство за оргнизиран криминал на Р.Србија, од страна на ова обвинителство беше доставена пресуда КОК бр.6/12 од 17.04.2012 година донесена од Основниот суд Скопје I Скопје, а како резултат на заедничка акција на полицијата и обвинителствата на Р.Македонија, Р.Србија и Р.Грција, при која акција е запленета наркотична дрога-хероин во количина од 169 килограми во пристаништето во Солун-Р.Грција.

На 05.09.2012 година во просториите на EUROJUST во Холандија, согласно чл.19 од Конвенцијата на Обидинетите нации против транснационалниот организиран криминал донесена на 15.11.2000 год. и согласно чл.20 од Вториот дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривична материја, донесен на 08.11.2001 година, склучен е договор за формирање на заеднички истражен тим помеѓу Јавните обвинителства на Виена, Франкфурт, Ротердам и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција од Р.Македонија за кривично дело-Неосвластено производство на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори.

По однос на стручното усовршување Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се фокусираше на подготовките за примена на новиот Закон за кривична постапка ( Службен весник на РМ бр.150/10 од 18.11.2010 година). Во таа насока јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и уште двајца јавни обвинители од ова обвинителство беа вклучени како едукатори во базичните обуки за примена на новиот Закон за кривична постапка кои континуирано се одржуваа секоја недела. Оваа обука заклучно со 02.10.2012 година ја поминаа сите јавни обвинители и советници од ова обвинителство.

Основниот јавен обвинител и јавните обвинители во Основото јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во текот на 2012 година оствarија повеќе студиски и работни посети во странство и активно учествуваа како учесници и презентери на повеќе конференции, семинари и работилници.

Во текот на 2012 година се организирани и други семинари во Република Македонија од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители,МВР на кои активно учествуваа и обвинителите на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на повеќе теми.

Од сето изнесено во овој Извештај може да се констатира дека во извештајната 2012 година, имајќи го во предвид обемот на работата во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавните обвинители стручно и професионално ја извршија функцијата на гонење на сторителите на кривични и други со Закон утврдени казниви дела, а со нивното предметно постапување и постапувањето во вонпредметните активности успеаја да го подигнат авторитетот на обвинителството и да создадат позитивна слика за истото, кај компетентните институции во земјата и надвор од неа.

## V. ОРГАНИЗАЦИЈА, КАДРОВСКА СОСТОЈБА И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Законот за јавно обвинителство ја поставува организационата структура на Јавното обвинителство како Јавно обвинителство на Република Македонија, Виши јавни обвинителства, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Основни јавни обвинителства.

Согласно овој закон, во Република Македонија се предвидени и се основани 22 Основни јавни обвинителства, Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, 4 Виши јавни обвинителства и тоа во Битола, Гостивар, Скопје и Штип, за подрачјата на соодветните апелациони судови и Јавно обвинителство на Република Македонија.

Имајќи ја предвид стварната надлежност, основните јавни обвинителства се делат на обвинителства со основна и на јавни обвинителства со проширена надлежност.

Во групата на основни јавни обвинителства со основна надлежност влегуваат основните јавни обвинителства во Берово, Гевгелија, Дебар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Крива Паланка, Радовиш, Ресен и Свети Николе.

Во групата основни јавни обвинителства со проширена надлежност се основните јавни обвинителства во Битола, Велес, Гостивар, Кочани, Куманово, Прилеп, Охрид, Тетово, Скопје, Струга, Струмица и Штип.

Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е основано за целата територија на Република Македонија и постапува пред Основниот суд Скопје 1 Скопје.

### 1. Кадровска состојба

Согласно Одлуката за определување на бројот на јавни обвинители на јавните обвинителства и јавните обвинители во јавните обвинителства, донесена од страна на Советот на јавни обвинители, предвидениот број на јавни обвинители изнесува вкупно 223. Пополнети се вкупно 203, а треба да се пополнат и испразнетите 20 места на јавни обвинители .

Состојбата со пополнетите и непополнетите јавно обвинителски места согласно одлуката е следна:

| Обвинителство | Предвидени ЈО | Пополнети ЈО |
|---|---|---|
| **Јавно обвинителство на Република Македонија** | **12** | **11** |
| ***Виши јавни обвинителства*** | | |
| ВЈО Скопје | **15** | **12** |
| ВЈО Битола | **8** | **6** |
| ВЈО Штип | **5** | **4** |
| ВЈО Гостивар | **5** | **5** |
| **ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција Скопје** | **12** | **12** |
| ***Јавни обвинителства со проширена надлежност*** | | |
| ОЈО Скопје | **56** | **47** |
| ОЈО Велес | **8** | **8** |
| ОЈО Куманово | **11** | **11** |
| ОЈО Битола | **9** | **9** |
| ОЈО Прилеп | **8** | **8** |
| ОЈО Охрид | **6** | **6** |
| ОЈО Струга | **4** | **4** |
| ОЈО Штип | **6** | **6** |
| ОЈО Струмица | **8** | **8** |
| ОЈО Кочани | **6** | **6** |
| ОЈО Тетово | **9** | **7** |
| ОЈО Гостивар | **8** | **8** |
| ***Јавни обвинителства со основна надлежност*** | | |
| ОЈО Кавадарци | **5** | **5** |
| ОЈО Гевгелија | **4** | **4** |
| ОЈО Крива Паланка | **2** | **2** |
| ОЈО Ресен | **2** | **2** |
| ОЈО Делчево | **2** | **2** |
| ОЈО Берово | **2** | **2** |
| ОЈО Радовиш | **2** | **1** |
| ОЈО Свети Николе | **2** | **2** |
| ОЈО Кичево | **4** | **3** |
| ОЈО Дебар | **2** | **2** |
| **ВКУПНО** | **223** | **203** |

Во извештајната година Советот, распиша и објави огласи за избор на вкупно 44 јавни обвинители во повеќе јавни обвинителства. Од овие огласи избрани се 39 јавни обвинители, од кои шест (6) од редот на кандидатите со завршена обука во Академијата за судии и јавни обвинители.

При изборот на јавните обвинители во 2012 година, Советот на јавните обвинители на Република Македонија беше лимитиран со избор на ограничен број на кандидати, бидејќи согласно законските прописи за избор на основен јавен обвинител мора да се избере кандидат кој има завршено Академија за судии и јавни обвинители, поради што во текот на извештајната година останале испразнети и не се пополнети местата во основните јавни обвинителства во Тетово, Кичево, Гостивар и Битола.

Во 2012 година, Советот разреши 1-еден јавен обвинител по спроведена целокупна дисциплинска постапка заради сторена дисциплинска повреда, како и разреши еден јавен обвинител по негово поднесено лично барање.

Јавното обвинителство на Република Македонија во својата анализа на капацитетите на јавното обвинителство, имајќи го во предвид стапување во сила на новиот Закон за кривична постапка и новата улога на јавниот обвинител во кривична постапка, со кое се предвидува проширување на надлежностите на јавниот обвинител во постапката, утврди дека е потребно зајакнување на капацитетите на јавните обвинителства во сегементите јавни обвинители, јавнообвинителска стручна служба и технички персонал.

Од анализата на Јавното обвинителство на Република Македонија се утврдува дека е потребно зголемување на бројот на јавните обвинители за уште 47 и истата бројчаност да изнесува 270 јавни обвинители распоредени по јавните обвинителства според следниов табеларен приказ:

| **Обвинителство** | **Потребен број на јавни обвинители** | **Зголемување од** |
|---|---|---|
| **Јавно обвинителство на Република Македонија** | **13** | **1** |
| ***Виши јавни обвинителства*** | | |
| ВЈО Скопје | **19** | **4** |
| ВЈО Битола | **9** | **1** |
| ВЈО Штип | **6** | **1** |
| ВЈО Гостивар | **6** | **1** |
| **ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција Скопје** | **17** | **5** |
| ***Јавни обвинителства со проширена надлежност*** | | |
| ОЈО Скопје | **71** | **15** |
| ОЈО Велес | **10** | **2** |
| ОЈО Куманово | **14** | **3** |
| ОЈО Битола | **12** | **3** |
| ОЈО Прилеп | **10** | **2** |
| ОЈО Охрид | **8** | **2** |
| ОЈО Струга | **5** | **1** |
| ОЈО Штип | **7** | **1** |
| ОЈО Струмица | **10** | **2** |
| ОЈО Кочани | **6** | / |
| ОЈО Тетово | **10** | **1** |
| ОЈО Гостивар | **9** | **1** |
| ***Јавни обвинителства со основна надлежност*** | | |
| ОЈО Кавадарци | **5** | / |
| ОЈО Гевгелија | **5** | **1** |
| ОЈО Крива Паланка | **2** | / |
| ОЈО Ресен | **2** | / |
| ОЈО Делчево | **2** | / |
| ОЈО Берово | **2** | / |

| | | |
|---|---|---|
| ОЈО Радовиш | **2** | **/** |
| ОЈО Свети Николе | **2** | **/** |
| ОЈО Кичево | **4** | **/** |
| ОЈО Дебар | **2** | **/** |
| **ВКУПНО** | **270** | **47** |

- Јавнообвинителска стручна служба

Во голем број на јавни обвинителства присутен е проблемот и има потешкотии со вработување односно пополнување на работните места за советници, соработници и приправници, административен и технички персонал.

Бројот на работните места во јавното обвинителство согласно Правилникот за организација и систематизација на работните места е утврден на 469 од кои 59 се раководни државни службеници, 55 се советници, 83 се виши и стручни соработници, 43 помлади соработници, 104 самостојни референти, 59 референти и 30 помлади референти, 12 работни места се утврдени за курири, 8 работни места за возачи и 16 работни места за хигиеничари.

Пополнетоста на овие работни места е многу ниска, пополнети се само 199 работни места, на пример од предвидени 59 раководни државни службеници пополнети се само 3 и тоа местото на генералниот секретар, на раководителот на одделението за буџет и финансирање и местото на раководителот на одделението за внарешна ревизија. Сите овие три места се во Јавното обвинителство на Република Македонија, што значи дека во ниедно друго јавно обвинителство не се пополнети раководните работни места. Вака високо изразена разлика во поглед на предвидените и пополнетите работни места постои и кај сите други видови работни места, а најмногу е изразено кај работните места советници, виши и стручни соработници и помлади соработници, со што се доведува во прашање и успешноста на извршувањето на јавнообвинителската функција. Неповолниот однос во поглед на предвидените и пополнетите работни места исто така силно е изразен и во поглед на стручно-административните државни службеници и вработените кои вршат административно-технички работи. Во моментот најлоша е состојбата на ОЈО Радовиш каде што во моментов нема вработени ниедно лице во јавнообвинителската стручна служба.

Непополнетоста на предвидените работни места согласно Правилникот за организиацśrednија и систематизација на работните места во јавното обвинителство крајно негативно се одразува во поглед на секојдневното работење на јавното обвинителство, поради што е неопходно потребно овие непополнети работни места како претходно дејствие во поглед на санирањето на ова недозволена лоша состојба да бидат пополнети.

Од вкупно предвидените 181 работни места на советници, соработници и приправници, пополнети се само 54 работни места, што значи дека процентуално е пополнето само 29,8% и оваа бројка е непроменета во однос на претходниот период.

Анализираните податоци укажуваат на особено голем број на непополнети места во ОЈО Скопје, и тоа од предвидените 68, пополнети се само 38 работни места, како и тоа дека во ниту едно јавно обвинителство во Република Македонија во последните години нема вработување на нови приправници и тоа од правна струка. Податоците за бројот и структурата на непополнети работни места се дадени на следната табела:




И во поглед на пополнетоста и застапеноста на работни места на административни службеници стои истата констатација дека најголемиот број од овие работни места не се пополнети во повеќето јавни обвинителства.

Забележителен е проблемот од недостиг на администрација, бидејќи еден вработен истовремено работи задачи и на уписничар, сметководител, технички секретар и доставувач.

Моменталната состојба на систематизирани и пополнети работни места на административниот персонал во јавните обвинителства е прикажана на следниов графикон:




Во врска со состојбата со човечки ресурси во оваа група забелешка е непостоење на стручно лице за односи со јавноста. Постои недостаток, а истовремено и неопходност од лица од областа на информатичката технологија и тоа во сите обвинителства. Тука, посебно треба да се нагласи потребата од редовно обучување и доедуцирање на постоечките човечки ресурси во оваа област.

И во поглед на техничкиот персонал општа забелешка е дека постои недостаток од возачи курири и хигиеничари. Кај оваа група на работни места нема многу непополнети места. Сепак, од особено значење е да се истакне дека предвидениот број на овие работни места во сите јавни обвинителства е недоволен.

## 2. Просторни капацитети, опрема и материјални услови за работа на јавните обвинителства

Од особена важност и значење за успешно работење на јавните обвинителства е и состојбата со моменталните просторни капацитети на јавните обвинителства. Ова особено во насока на воведување на новите институти во кои се предвидуваат со измените на ЗКП и преминувањето на истрагата во надлежност на јавното обвинителство кои неопходно ја наметнуваат потребата од соодветен простор.

Очигледно е дека состојбата во која сега се наоѓаат најголемиот број јавни обвинителства во поглед на нивното просторно сместување е проблематична и од аспект на недоволен простор, но исто така и од аспект на немање сопствен простор.

По однос на сопственоста на објектите мора да се нагласи дека најголем број од просторните капацитети во кои се сместени јавните обвинителства се наоѓаат во зградите на соодветните основни односно апелациони судови. Незначителен дел од јавните обвинителства плаќаат закуп, а во најмал број случаи или поточно само три јавни обвинителства се сместени во сопствени простории.

Во однос на опремата може да се каже дека јавните обвинителства во последните години главно со подршка на странски донации, се релативно добро опремени. Треба да се истакне дека дел од опремата на јавните обвинителства ја обезбеди Министерството за правда. Во оваа насока, во последните години во јавните обвинителства се вложиле доста средства за опремување со канцелариски мебел и друга опрема.

Речиси сите обвинителства во доволна мера се соодветно опремени со канцелариски намештај, компјутери, печатари и друга опрема. Сепак постојат значајни недостатоци кои се утврдени и присутни, а кои можат да се групираат во неколку точки:

- во јавните обвинителства постојат доволно компјутери, но тие главно служат како машини за пишување. Причина за ова е фактот што јавните обвинителства не се мрежно поврзани, ниту имаат софтвер за да можат електронски да ги заведуваат предметите.

- најголем број јавни обвинителства немаат пристап до интернет, па оттука нема можност за електронско пребарување на информации кои би биле од корист за нивната работа, нема пристап до законите во електронска форма, ниту пак постои можност обвинителствата да контактираат и соработуваат по електронски пат меѓусебно или со други институции.

- скоро во сите поголеми јавни обвинителства постојат мрежни печатари, но во еден дел од овие обвинителства тие не се воопшто инсталирани и не се користат поради недостаток од средства за нивно поврзување;

- состојбата со возилата во јавните обвинителства е загрижувачка. Некои поголеми јавни обвинителства воопшто немаат возило или имаат возила кои не се во употреба и нема средства за нивна поправка.

- во јавните обвинителства недостасува стручна литература. Постоечката литература е од постар датум и во голем дел неупотреблива, заради настанатите измени во законите во последните десетина години. Заради ова, обезбедувањето на електронски пристап до Службен весник за сите јавни обвинителства во значителна мерка би ја подобрила состојбата. Ова особено е што во јавните обвинителства вклучувајќи ги и поголемите со проширена надлежност се добива само по еден примерок Службен весник на РМ кој е премалку за да можат сите јавни обвинители навремено да се запознаат со измените во законските и подзаконските акти.

- во сите јавни обвинителства недостасува едукација од областа на информатичката технологија, а во некои јавни обвинителства, има јавни обвинители на кои им е неопходна и обука за користење на компјутери.

Средствата за работење на јавните обвинителства се определени по вид и висина во Буџетот на Република Македонија. Тие средства се определени и дадени како на една јавно обвинителска организација. Иако овој буџет се проектира согласно потребите на секое јавно обвинителство пооделно, досегашните проекции и дадените средства се недоволни за обавување на функцијата.

Без да се прави било какво генерализирање, на овој сегмент, неопходно е да се нагласи дека буџетот на јавните обвинителства е недоволен, а и динамиката на сервисирање на средствата често пати го доведува во прашање и остварувањето на функцијата. Треба да се има предвид дека со преминувањето на истрагата во надлежност на јавниот обвинител, јавните обвинителства ќе треба да се доопремат за што се неопходни поголеми средства.

## *З А К Л У Ч О Ц И*

Споредувајќи ги статистичките податоци за предметното работење на Јавното обвинителство на РМ, текстуалните извештаи за Вишите јавни обвинителства и на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, може да се заклучи дека во извештајната година е обезбедено висок степен на ажурност, стручност и квалитет во постапувањето по предметите.

Обемот на новопријавениот криминал бележи стапка на зголемување за 2.383 или за 5,84% во однос на претходната 2011 година, со тоа што бројот на новоподнесените кривични пријави против полнолетни сторители на кривични дела во текот на 2012 година бележи зголемување за 279 лица, односно 5,5%, додека пак намалување е евидентирано кај малолетниците за 189 лица или 9%, а кај непознати сторители е присутно зголемување за 2.293 лица кое во однос на 2011 година кога имавме зголемување на само 607 лица, во овој извештаен период оваа бројка преставува драстично зголемување или 11,4% наместо претходните 3,52%.

Во текот на годината основните јавни обвинителства решиле пријави против 19.626 лица или 64,31%, а како нерешени останале пријави против 10.890 лице или 35,6%, се работи за пријави по кои се барат одредени проверки преку МВР и други органи, а и за нерешени постапки од истражните судиии по поднесени предлози за преземање на определени истражни дејствија.

Бројот на отфрлените кривични пријави е застапен со 31,29% што во однос на претходната година значи зголемување за 3%.

Најголем број на отфрлени кривични пријави се евидентира во Основното јавно обвинителство Ресен со 52,58%%, Основно јавно обвинителство Струга со 51,37%% и повторно како и претходната година, Основното јавно обвинителство Делчево со 47,12%.

Бројот на осудителни пресуди во 2012 година во однос на 2011 година е намален за 462 лица или 4%, односно во однос на претходниот период кога имавме решени 11.256 во 2011 година, во извештајната 2012 година имаме решени 10.794 осудителни пресуди.

Разгледувајќи ги сите извештаи, во наредниот период е неопходно да се обрне внимание на користење на правните институти од Законот за кривична постапка за забрзување на постапката, особено во делот за поднесување предлог за донесување на пресуда без главен претрес, како и примена на институтите од член 144, 145 и 146 од Законот за кривична постапка.

Во јавните обвинителства во Република Македонија забележлив е недостаток од човечки ресурси, не само кај носителите на јавно обвинителската функција (јавни обвинители, советници, соработници и приправници), туку и кај останатите групи - административно стручни работници и технички помошен персонал.

Во однос на објектите карактеристично е што најголем број на јавни обвинителства немаат сопствен простор, туку користат простор на основните судови или други институции со право на користење, а тој простор е речиси секаде недоволен.

Со изградбата на објектот - зграда на локацијата покрај кејот на реката Вардар, која е во тек, а во која треба да бидат сместени Јавното обвинителство на Република Македонија, Вишото јавно обвинителство Скопје и Основното јавно обвинителство Скопје, за овие обвинителства ќе бидат надминати просторните проблеми. Исто така, проблемите ќе бидат надминати и за Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на кое со Одлука на Владата на РМ му е доделен дел од зградата каде што е сместен Архивот на Република Македонија, при што се очекува дека во текот на втората половина на 2013 година ќе се изврши целосно вселување на Обвинителството во овие простории.

Јавните обвинителства, според сегашната надлежност се релативно добро опремени со мебел и компјутерска техника, но постои недостаток од вмрежување на јавните обвинителства, софтвери, пристап до интернет, обезбедување возила и литература.

*Април, 2013 година*

*С к о п ј е*

***ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ***
***НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***Марко Зврлевски***